**Полициски час**
**Кој, кога, каде и зошто ќе може „слободно“ да се движи?**
страница 2

**„Репортери без граници“**
**Притисоци и закани и за новинарите во Македонија**

страница 3

**Брисел**
**Маршалов план е преголем залак за ЕУ**

страница 8


# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918


**Грчев**
Срча, темница и рани што не зацелуваат


**Јовановиќ**
Скица за портрет: Д-р Жарко Христовски


макс. дозволено 50 µg/m3
Скопје Аеродром 98 µg/m3 PM 10
mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 4 | 20 |
| Охрид | 4 | 16 |
| Битола | 3 | 16 |
| Маврово | 1 | 9 |

ПЕТОК-НЕДЕЛА 10-12 АПРИЛ 2020 | Број 1932 | Година VIII | WWW. SLOBODENPECAT.MK
15 денари

# Преживување во корона по еден




Карикатура **Наташа Костовска**

# Хроника

Ве замолувам да седите дома и да не дозволите луѓето да бидат оставени на милост и немилост поради непочитување на мерките, кое би довело до брзо ширење на вирусот. Здравството нема таков капацитет, не би можело да издржи илјадници заболени во исто време, од кои најверојатно на неколку стотици ќе им треба интензивно лекување.

**Марија Ќосева Бакарова, специјалист по педијатрија, по потекло од Неготино, која една деценија работи во Здравствениот дом во Марибор, Словенија.**

**Правила и прилагодувања во услови на полициски час.**

# Кој, кога, каде и зошто ќе може „слободно“ да се движи?

**Едно од ограничувањата во тек на полицискиот час и прогласената вонредна состојба е тоа што повеќе од тројца патници, вклучително и возачот не смеат да се возат во ист автомобил. Патниците во автомобилот треба да имаат заштитна опрема, ракавици и маска.**

Граѓаните, институциите, стопанството... во целата држава се прилагодуваат на дополнителните забрани за движење на цела територија, откако стапија во сила новите поригорозни мерки на Владата за спречување на ширењето на коронавирусот. Возрасните над 67 години и младите лица до 18 години можат да излегуваат само по два часа дневно, од 10 до 12 часот односно од 13 до 15 часот, во работните денови, а по 16 часот до пет часот наутро за сите важи полицискиот час, кој се применува и во тек на цел викенд.

Граѓаните кои имаат потреба од итна медицинска помош за време на полициски час, можат без никаква дозвола да појдат до здравствена установа. Доколку бидат запрени од полиција потребно е да кажат каде одат, а доколку пак тоа го злоупотребат ќе следат санкции.

Едно од ограничувањата во тек на полицискиот час и прогласената вонредна состојба е тоа што повеќе од тројца патници, вклучително и возачот не смеат да се возат во ист автомобил. Патниците во автомобилот треба да имаат заштитна опрема, ракавици и маска.

### Специјален превоз за тие со дозволи

Во соработка со Град Скопје ќе се организира превоз со возила на ЈСП и со други возила за лицата што имаат дозволи и одат на работа во време на забрана за движење, пред сè за вработените во здравствени установи и Клиничкиот центар, кои не можат сами да се организираат додека трае полицискиот час. Ќе биде објавена точна маршрута по која ќе се движат возилата што ќе ги користат вработените со дозволи за движење, а турите ќе завршуваат пред здравствените установи. Ќе бидат организирани и во други градови и притоа ќе покриваат што поголема територија.

Во однос на такси-превозот, во Скопје се организирани дежурни такси-возила кои може да превезуваат граѓани од нивниот дом до некоја здравствена установа во време на полициски час ако имаат потреба, и оние граѓани кои имаат дозвола за движење.

Пријавите за достава на храна од страна на заинтересирани маркети и ресторани ќе оди преку општинските кризни штабови, а ги координира тело во Владата каде што за доставувачите се објавени контакти на сите општински кризни штабови.

### Дозволите од дома до работа

Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) пушти во употреба нова електронска услуга за секој граѓанин да се пријави за потребна дозвола за движење во време на забрана, преку порталот uslugi.gov. mk, наместо како досега со праќање мејл до МИОА. Воведена е уште една нова категорија дозволи – за регистрирани одгледувачи на кучиња за секојдневно хранење на животните, а кои не ги чуваат дома. За одгледувачите ќе имаат списоци преку Кинолошкиот сојуз. Дозволите што ги издава МИОА се за неограничено движење и се однесуваат претежно на претставници на институциите што имаат потреба да се движат во забрана за движење, потоа за медиуми на терен (репортери), вработени во мали пекари т.е. производствени погони за храна со помалку од пет вработени, за вработени во погребални претпријатија, а преку подрачни единици на МЗШВ се добиваат списоци за категории земјоделци што имаат потреба да работат на нивните ниви. Исто така, има дозволи и за физички лица за нега на други лица што не можат сами да се грижат.

### Режим за лица со попреченост

Според Одлуката на Владата, се забранува движењето на граѓаните на јавни места и јавни површини во групи поголеми од две лица, при што дозволено е родител да биде во поголема група со своите деца до 14 години. Посебен режим на движење има и за лицата со попреченост. Тие имаат право да ги напуштаат нивните домови од понеделник во петок во период од 19 до 20 часот, додека за време на викендот од 11 до 13 часот. Мерката за дозвола на движење за лицата со попреченост се однесува и на лицата што ги придружуваат овие граѓани за време на дозволеното движење во наведените временски периоди.

Компаниите кои вршат дејност производство и имаат производни погони, хали и слично, каде непосредно се врши производниот процес, пак, треба да го лимитираат бројот на вработени за работниците да бидат на растојание од еден и пол до два метра, а вработените да не ги менуваат работните места и во самиот погон задолжително да се обезбеди средство за дезинфекција на раце и работни површини. Тоа се дел од новите мерки кои ги донесе вчера Владата за фирмите и препорача за време на работниот процес од страна на вработените да се почитуваат општите препорачани мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена.

### Земјоделците може да работат

Земјоделците, пак, што имаат работни обврски на своите земјоделски површини на фармите, а кои се наоѓаат во атарот на селото во кое живеат, можат да се движат за време на забраната за движење, исклучиво заради извршување на работните активности без да вадат дозволи за движење. Оние чиишто земјоделски површини или фарми се наоѓаат надвор од селото/градот каде што живеат и треба да патуваат од едно во друго село, да сообраќаат по регионален пат, а имаат работни обврски поврзани со производството, задолжително треба да извадат дозвола за движење.

Како и приватниот, така и јавниот сектор го прилагоди работното време на новите услови. Од Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата, министерства и другите органи на државната управа, се изземени вработените во Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, со цел работното време за вработените лица во овие институции да биде осум часа, а надоместот за извршена прекувремена работа да биде исплатен по изминати осум часа работа.

### Термини за домашните миленици

На граѓаните кои имаат домашни миленичиња (куче), им се дозволува од понеделник до петок да може да ги изнесуваат надвор од своите домови, во вечерните часови во времетраење од 30 минути, почнувајќи од 20 часот до 20 часот, а во сабота и недела, наутро од 8 часот до 8:30 часот, попладне од 15 часот до 15:30 часот и во вечерните часови од 20 часот до 20:30 часот, најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат. Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје го прилагоди работењето на новите ограничувања и од денеска па секој работен ден, јавниот превоз ќе функционира од 5 до 9 часот, па од 13 до 16 часот, односно од 9 до 13 часот автобуси нема да сообраќаат. Автобусите ќе возат по саботен возен ред, со исклучок на линиите 9, 19, 20 и 23 часот кои ќе сообраќаат по редуциран делничен возен ред. Во тек на полицискиот час за викендите ќе нема јавен превоз, ниту ќе работат билетарниците и центрите за персонализација.

На граѓаните кои имаат домашни миленичиња (куче), им се дозволува од понеделник до петок да може да ги изнесуваат надвор од своите домови, во вечерните часови во времетраење од 30 минути, почнувајќи од 20 часот до 20 часот, а во сабота и недела, наутро од 8 часот до 8:30 часот, попладне од 15 часот до 15:30 часот и во вечерните часови од 20 часот до 20:30 часот, најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат.



СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 9.4.2020 | **Тираж: 8.000 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ,**
**СРЃАН ИВАНОВИЌ,**
**МИТКО БИЛЈАНОСКИ,**
**КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА,**
**ВИОЛЕТА КОСТОВСКА,**
**ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

**Министерот Арбр Адеми.**

## Битно е комуникацијата наставник-ученик да биде двонасочна

Само наставникот знае до кое ниво е ученикот и затоа е најбитно е таа комуникација да биде двонасочна. Досега информациите за тој процес се многу охрабрувачки. Има и проблеми, ама нив ги има и кога наставата се одржува во нормални околности, рече министерот за образование и наука, Арбр Адеми во гостувањето во „Утрински брифинг“ на СлободнаТВ.

- Откако се бараше од нас да се организира онлајн настава, се соочивме со критики дека за тоа нема законска основа. Го обезбедивме тоа со уредби. Потоа бевме критикувани дека нема интернет. И тоа го обезбедивме. Потполно сме свесни дека има предизвици, но кога се сака, се може. Има еден куп платформи кои ги посочивме со допис до наставниците за да се организира наставата на едноставен начин. Далечинското учење не значи специјални камери, микрофони - рече Адеми.

Тој повтори дека Министерството нуди учење од дома, каде што секој наставник е должен да ја држи таа двонасочна комуникација со ученикот, па на крај да може и да го оценува.

Нуди национална платформа за далечинско учење- снимени се видео лекции од нашите активни наставници, каде што секој ученик може секоја лекција да ја следи.

За пристапот до интернет, како еден од предизвиците, тој рече дека не станува збор дали целата територија на Македонија е покриена со интернет, туку дали секој има можност за пристап до него.

- Затоа со министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, одлучивме на сите 33.000 деца кои имаат статус на ученик, но кои потекнуваат од социјално загрозени семејства да им доделиме картички со 10ГБ интернет секој месец, бесплатно - рече Адеми.

**Апел за изземање.**

## ЕУ да дозволи извоз на медицински производи за балканските земји

На иницијатива на шефот на дипломатијата Никола Димитров, министрите за надворешни работи на земјите од Западниот Балкан вчера испратија писмо до Европската комисија, со барање за изземање на земјите од Западен Балкан од Регулативата на ЕУ со која одредени медицински продукти за лична заштита беа ставени под режим на извозни рестрикции односно специјални извозни дозволи.

Како што соопшти МНР, писмото е испратено до еврокомесарот за трговија Фил Хоган, комесарот за соседство и проширување Оливер Вархеји и до Високиот претставник на ЕУ и потпретседател на ЕК Жозеп Борел.

„Изземањето ќе испрати силен сигнал дека сите ние како Европејци работиме заедно за да успешно се соочиме и да го надминеме овој огромен предизвик“ - се вели во писмото на шефовите на дипломатиите од Западен Балкан испратено до Еврокомисијата.

**„Репортери без граници“** Да се заштитат медиумите

# Притисоци и закани и за новинарите во Македонија

**Новинарска платформа ИРЛ се соочи со закани откако го објави извештајот „Пандемско профитерство или грижа за заедницата: Другата страна на приказната за ковид-19 тестовите“. Аџибадем Систина, болница која е во врска со олигархот Орце Камчев, ги навредуваше новинарите и побара повлекување на текстот, се наведува во извештајот на „Репортери без граници“.**



Националните и европските институции да ги заштитат медиумите во нивната јавна мисија во ризични услови на пандемијата од ковид-19, кога новинарите стануваат колатерални жртви на напади од различни непријатели на слободата на печатот, вклучително и некои влади, кои ја користат вонредната ситуација за да се пресметаат со нивните критичари, повика „Репортери без граници“.

Организацијата го наведува примерот со српската новинарка Ана Лалиќ, која беше уапсена бидејќи пишуваше за недостиг на заштитна опрема за здравствените работници во болницата во Нови Сад и притоа ѝ беа одземени нејзиниот лаптоп и службениот телефон. „Репортери“ потсетува дека новинарката беше ослободена откако премиерката Ана Брнабиќ ја повлече одлуката на Владата за тоа дека само кризниот штаб може да дава информации за коронавирусот. Сепак, Лалиќ сè уште може да добие до пет години затвор и парична казна.

Овој случај организацијата го толкува како пример како на Балканот и на истокот на Европската Унија, репресивните закони за борба против ковид-19 се користат за да се сузбие слободата на печатот. „Репортери без граници“ наведува дека унгарската влада, на неодреден период, ги зголеми овластувањата на премиерот Виктор Орбан. Унгарскиот Закон за вонредна ситуација поради коронавирусот воведува казни до пет години затвор за ширење лажни вести, додека во практика владата одлучува што е точно. Законот уследи по усогласените напади против независните медиуми, обвинети за дезинформации, иако тие известуваа за ковид-19 поодговорно од провладините медиуми.

И полската влада донела остри закони, па по обвинување за прекршување на санитарните правила, независниот новинар Влодзимерц Циека минал два часа во полициска станица затоа што снимал протест на четири лица пред куќата на претседателот на владејачката партија. Протестот беше поради одлуката да не се одложат претседателските избори на 10 мај, со цел да се обезбеди победа на актуелниот претседател Анџеј Дуда. Владејачката партија усвои закон со кој се овозможува гласање по пошта, предизвикувајќи стравување кај опозицијата и невладините организации дека Уставот, демократијата и независноста на медиумите се компромитирани.

Во Романија, со неодамнешниот претседателски декрет и владини правила, се дозволува произволно блокирање на медиумски сајтови. Обвинети за ширење лажни вести, досега се затворени два портала, одлуки против кои нема правен лек.

Во Бугарија, која е најлошо рангирана земја во ЕУ според Индексот за слобода на медиуми (111. место во светот), владата усвои закон со кој се казнува ширењето лажни вести со затвор до три години и казна од 5.000 евра. Подоцна претседателот стави вето на законот.

Во Република Српска, во БиХ со новиот декрет се овозможува да се казнува ширењето лажни вести. И областа Брчко усвои слични мерки. Во Словенија, Владата на Јанез Јанша, сојузник на унгарскиот претседател Виктор Орбан, се вклучи во отворена кампања против новинари, па дури има и физички напади. Истражувачкиот новинар од Радио Слободна Европа, Блаж Згага, се соочил со огромен бран онлајн закани, вклучувајќи и повици да биде убиен, откако испратил барање за слободен пристап до информации до Кризниот штаб одговорен за ковид-19. Наместо да одговори на барањето, Кризниот штаб на Твитер ги нарече Згага, интелектуалецот Славој Жижек и уште две лица, критички настроени, „психијатриски пациенти што избегале од карантин“. Албанскиот премиер Еди Рама, пак, испратил порака до граѓаните: „Мијте ги рацете, не излегувајте од домовите заради задоволство, отворете ги прозорците колку сакате и заштитете се од медиумите“.

Во Северна Македонија, новинарска платформа ИРЛ се соочи со закани откако го објави извештајот „Пандемско профитерство или грижа за заедницата: Другата страна на приказната за ковид-19 тестовите“. Аџибадем Систина, болница која е во врска со олигархот Орце Камчев, ги навредуваше новинарите и побара повлекување на текстот, наведува „Репортери без граници“.

Ова е само уште една мрачна илустрација на фактот дека додека новинарите придонесуваат за борба против ковид-19, тие самите стануваат колатерални жртви, соочувајќи се со напади од различни непријатели на слободата на печатот – вклучително, за жал, и некои влади – кои ја искористуваат ситуацијата за гонење на нивните критичари, заклучува во својот извештај организацијата „Репортери без граници“.

Ова е само уште една мрачна илустрација на фактот дека додека новинарите придонесуваат за борба против Ковид-19, тие самите стануваат колатерални жртви, соочувајќи се со напади од различни непријатели на слободата на печатот – вклучително, за жал, и некои влади – кои ја искористуваат ситуацијата за гонење на нивните нивните критичари, заклучува во својот извештај организацијата „Репортери без граници“.



**Репортажа** Слободен печат во Свети Николе

# Живот без вирус, но под маски

**Недоверба** Светиниколчани не пречекаа со доза на недоверба, но сепак беа расположени да разговараат со нас.

**Елизабета Дамјаноска-Спасеновска**

Коронавирусот, и покрај неговото секојдневно ширење помеѓу населението, се уште не стигнал во неколку македонски градови. Со цел да дознаеме како се живее во градовите низ Македонија во кои што се уште не е регистриран ниту еден случај на коронавирус, отидовме во Свети Николе, каде што забележавме дека животот, иако под маски, тече нормално, со помалку страв за разлика од градовите каде веќе има регистрирани заболени лица од овој вирус.

Светиниколчани не пречекаа со доза на недоверба, но сепак беа расположени да разговараат со нас. Ги прашавме дали се плашат од коронавирусот, дали се придржуваат до препораките од Владата и како се живее во градот. Добивме различни одговори, дел од граѓаните без страв се шетаат слободно без маски, дел од нив се плашат од вирусот, а имаше и такви кои се исплашија од нашата репортерска екипа, бидејќи се сомневаа дали сме здрави.

- Не се плашиме од коронавирусот, но почитуваме се што е кажано. Носиме маски, не излегуваме често, купуваме повеќе храна, колку што се може, зависи од парите - ни рече еден светиниколчанец.

Еден негов сограѓанин се покажа како бестрашен, па самоуверено ни одговори:

- До сега чувал Господ, ако треба нека дојде и кај нас вирусот, ние не се плашиме. Како што гледате има луѓе низ градот, не е празно како што е во другите градови. По гости не одиме, колку-толку се чуваме.

Друг пак, ни рече се плаши од појавата на коронавирусот во неговиот град, дури се исплаши и од нашата екипа.

- Како не се плашам, јас и од вас се плашам што ме снимате. Од кај да знам кој зборел на овој микрофон пред мене, сега јас да зборам? Ајде бегајте - ни рече налутен, што сме го сретнале.

Иако ненајавени, оствариме посета и со градоначалникот на Свети Николе, Сашо Велковски, кој ни посочи дека општината презема мерки и прави напори за да остане една од ретките без евидентирани пациенти заболени од коронавирус.

- Поставивме два пункта за дезинфекција на возилата, денеска го поставуваме третиот пункт, со што сите влезови во градот ќе бидат заштитени, односно возилата ќе бидат комплетно дезинфицирани. Се врши дезинфекција на улиците во градот и во селата, за што на екипите на противпожарната и комуналната служба им помагаат и земјоделците кои самоиницијативно се вклучија во чистењето - рече Велковски.

Полицискиот час најголем проблем им прави на земјоделците и на сточарите, кои направија метеж пред општинската зграда, во обид да добиват документација, неопходна за обезбедување дозвола за движење, која пак ќе им овозможи непречено работење на нивите. А, за волја на вистината, дел од нивите кои ги забележавме ние, беа празни. Забележавме еден земјоделец кој работеше на лозје. Брзаше да ја заврши работата и да си оди дома, бидејќи, како што рече, нема дозвола за движење за време на полициски час. Една жена, пак, чекаше дозвола за да може да оди да ги нахрани животните.

- Имам стока, мора да одам навечер да ги нахранам, а за викенд е уште полошо, два дена не можат животните без јадење. Затоа барам дозвола да ми дадат, да можам да работам - ни рече една госпоѓа што ја сретнавме пред Општината.

Позитивно не изненади заедничката акција на подмладоците на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ. Тие заедно, со здружени сили, ги дезинфицира улиците, влезовите во домовите и дуќаните, а најавија дека акцијата ќе продолжи се додека има потреба.




↑ Фотографија **Слободен печат/ Ристо Пејовски**

---

Врз основа на член 384 и член 387 од Законот за трговски друштва, Управниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје објавува

**ПОВИК**
**за учество на Собрание на акционери на Друштвото**

Собранието ќе се одржи на ден 11.05.2020 година (понеделник) со почеток во 12:00 часот.

Со оглед на прогласената вонредна состојба во Република Северна Македонија, согласно препораките на Владата на Република Северна Македонија за спречување на вирусот Ковид-19 и соопштението на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија од 16.03.2020 година за модификацијата на закажаните Собранија на акционери со учество по кореподентен пат, седница на Собранието на акционерите на ГД Гранит АД Скопје ќе се одржи по пат на писмена коресподенција, без физичко присуство.

Управниот Одбор на Собранието го предлага следниот

**Дневен ред**

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

1. Отварање на Собранието
- Утврдување кворум (верификација на присутни учесници на Собранието).

2. Избор на Претседавач
-Избор на записничар и заверувачи на записникот
-Избор на бројачи на гласови

**II. РАБОТЕН ДЕЛ**

**1. Годишна сметка на ГД Гранит АД Скопје за 2019 година**
Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка

**2. Годишна сметка консолидирана на ГД Гранит АД Скопје за 2019 година;**
Предлог Одлука за усвојување на консолидираната Годишната сметка на ГД Гранит АД Скопје

**3. Финансиски извештаи за работењето на ГД Гранит, АД Скопје во 2019 година;**
Предлог Одлука за усвојување на финансиските извештаи на ГДГранитАД Скопје во 2019 година

**4. Годишен Извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје во 2019 година;**
Предлог Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје во 2019 година

**5. Извештај од ревизијата за Годишната сметка и финансиските извештаи за ГД Гранит АД Скопје за 2019 година, поединечна и консолидирана;**
Предлог Одлука за усвојување на Извештај од ревизијата за Годишната сметка и финансиските извештаи за ГД Гранит АД Скопје за 2019 година.

**6. Извештај на Надзорниот одбор за Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година на ГД Гранит АД Скопје;**
Предлог Одлука за усвојување на Извештај на Надзорниот Одбор за Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година на ГД Гранит АД Скопје.

**7. Годишен извештај од службата за внатрешна ревизија;**
Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај од службата за внатрешна ревизија

**8. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот Одбор на Друштвото;**

**9. Предлог Одлука за распределбата на добивката на ГД Гранит АД Скопје;**

**10. Предлог Одлука за исплата на дивиденда за 2019 година;**

**11. Предлог Одлука за избор на Ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година;**

**12. Избор на членови на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје.**

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Се повикуваат сите акционери да гласаат по точките на дневен ред, одлуките и материјалите објавени заедно со Јавниот повик, со пополнување на Образец за гласање со коресподенција, кој е објавен на официјалната интернет страница на Друштвото на следниот линк: www.granit.com.mk.

Уредно пополнетиот Образец за гласање со коресподенција, акционерот треба да го достави во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот правно лице.

Заедно со пополнетиот образец за гласање со коресподенција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер физичко лице е потребно да достави и копија од документ за идентификација (лична карта / патна исправа). Заедно со пополнетиот образец за гласање со коресподенција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер правно лице е потребно да достави и копие од важечка тековна состојба за правното лице акционер и копија од документ за идентификација (лична карта / патна исправа) на законскиот застапник на правното лице. Образецот во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, со назнака "За Собранието на акционери", мора да бидат примени во седиштето на ГД Гранит АД Скопје, адреса ул. Димитрије Чуповски бр. 8, 1000 Скопје најдоцна до 11.05.2020 година до 9:00 часот.

Секој акционер може да овласти и свој полномошник со писмено полномошно друго лице да гласа во негово име по пат на кореспонденција, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат во оригинал или електронски. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање по пат на кореспонденција преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Гранит www.granit.com.mk.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Имајќи предвид што на ова годишно Собрание ќе се врши избор на нови членови на Надзорниот одбор, согласно член 72 од Статуот на ГД Гранит АД Скопје предлог-листа за избор на членови на Надзорен Одбор можат да дадат акционери кои поседуваат најмалку 20% од вкупниот број акции со право на глас. Во предлог-листата мора да биде назначено кој член се предлага како независен член. Предлогот се дава во писмена форма најдоцна 10 дена пред одржување на Собранието и мора да биде потпишан од предлагачите. Предлогот се доставува до органот кој го свикува Собранието.

За сите предложени кандидати, органот што го свикува Собранието во писмена форма објавува податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на Надзорен Одбор и други поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во Друштвото и други друштва како и заемите и други обврски кои ги има спрема Друштвото.

Податоците за возраста полот образованието и другите професионални квалификации и други поважни функции на кандидатот ќе бидат објавени и достапни на акционерите 7 (седум) дена пред Собранието да пристапи кон избор.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневиот ред и одлуките по точките на дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки на дневниот ред, предлози на одлуки и прашања, најдоцна до 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Гранит www.granit.com.mk.

Материјалите за Собранието на Гранит и дополнителните информации, согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавување на овој повик, секој работен ден во просторите на дирекција на Гранит или на официјалната интернет-страница на Гранит www.granit.com.mk.

**Управен Одбор на ГД Гранит АД Скопје**

Ајде да ги спасиме следниве месец-два тие 1.000 луѓе во Македонија, ама ајде следната година да ги спасиме и оние 1.200 што треба да умрат од загаден воздух.

Никола Гелевски



# Срча, темница и рани што не зацелуваат

**Мирослав Грчев**
архитект и професор



mail miroslavgrcev@gmail.com

Се чини дека на „сопствените моќи да го менуваат светот и да влијаат врз општествените и политичките услови на сопствениот живот“, никој веќе и не помислува. Заборавиле луѓето дека промената е воопшто можна.




Карикатура **Фајненшел тајмс**

Кога одите во продавница да купите електрична светилка, обична, за замена на онаа што ви прегорела дома, продавачот сосем рутински ја отвора кутијата и ја тестира дали свети. Кога ќе светне, продавачот ја вади од тест-фасонката, ја пакува назад во кутивчето и ви го наплаќа производот. Вие мирно плаќате и одите дома. Без мисла и без емоции. Зошто? Затоа што се случила една најнормална, секојдневна трансакција, се исполнила на задоволителен и сосем нормален начин една договорна размена, всушност, една размена на доверба. Вам ви е потврдена вербата дека светилката работи, а продавачот верува во вашите пари. На оваа верба се темели секоја размена, без оглед дали станува збор за материјални добра или друга стока, или пак за социјални релации, институционални односи или емоции. Сите општествени односи се темелат на симетријата на довербата што луѓето ја имаат во нив.

Се разбира, кога светилката нема да светне, или ако тргне лошо, па експлодира во рацете, нема ништо ни од довербата ниту од размената. Кога едната страна не го почитува договорот, таа отпаѓа од играта или самата игра завршува. И, тоа се случувало милијарди пати во историјата: непочитувањето на општествениот договор, неиспорачувањето на ветеното, безмалку никогаш не било простувано. Пропаста на цели цивилизации и смените на цели светогледи и општествено-политички системи било историската казна за неисполнувањето на договорот. Овие големи историски пресврти практично секогаш се случувале по катастрофи, коишто можеме да ги замислиме како големи тест-фасонки. Кога еден светоглед, една религија, еден општествено-политички систем ќе престане да свети или кога ќе се распрсне под притисокот на историската несреќа што го става на тест, тој бил неизбежно заменуван со нова идеја, со нов систем што успева да ја докаже својата веродостојност.

## Излез од состојбата

Смртоносните пандемии повеќепати биле можеби не причината, а она сигурно почетокот на промените, премногу очигледниот неуспешен тест што ги изнедрувал револуционерните промени во светот. Бубонската чума, таа најсмртоносна епидемија што историјата ја памети, во 14 век убила помеѓу една третина и половина од населението на Стариот свет, го започнала и урушувањето на феудалниот поредок - средновековната „глобална“ политичка религија, и го трасирала некој век подоцна револуционерниот марш на капитализмот. Историчарот на средниот век Семјуел Кон ја опишува атмосферата по чумата како излез од состојбата на „потполна безнадеж и страв и раѓање на една нова самосвест кај селаните, занаетчиите и работниците, која им влевала верба и храброст во сопствените моќи да го менуваат светот и да влијаат на општествените и политичките услови на сопствениот живот“.

Токму така: изгубената верба во системот што потфрлил на тестот на животот и смртта, била заменета со друга верба: со самодоверба што ќе создаде верба во нови општествено-политички односи. Тоа се случило и по Првата светска војна и пандемијата на свинскиот грип, која убила можеби и 100 милиони луѓе за неполни две години, од 1918 до 1920 година. Капитализмот, тогашниот единствен глобален општествено-политички систем, почна да се урушува зашто најголемиот број жители на планетата почнаа повторно да веруваат во „сопствените моќи да го менуваат светот и да влијаат на општествените и политичките услови на сопствениот живот“. Општествената катаклизма предизвикана од безумието и ароганцијата на светските капиталистички империи, го породија социјализмот - најхуманата и најморалната општествено-политичка идеја во историјата на човештвото.

## Каде се сотрени човечките моќи

Ќе ја прескокнам, почитувани читатели, пропаста на социјалистичката идеја и нејзините општествено-политички реализации, макар и само затоа што во таа суицидална хуманистичка катастрофа немаше придонес никаква бактерија или вирус. Меѓутоа, тоа нема да ме спречи да не кажам дека по таа катастрофа, еве веќе 30 години, глобален идеолошки хегемон е повампирениот неолиберален капитализам, она исто чудовиште што ги предизвика светските војни во дваесеттиот век, што лажно сега се закити со префиксот „нов“ и со атрибутот „либерален“, иако не е ниту едното ниту другото. Што ми беше поентата? А, да: што му се случи на човештвото, што ѝ се случи на човечката моќ да размислува, каде се сотрени во заборав човечките „сопствени моќи да го менуваат светот и да влијаат на општествените и политичките услови на сопствениот живот“, кога неолиберализмот на секоја криза што самиот ќе ја создаде и во која ќе го турне и целото човештво, на секој тест експлодира во рацете, и остава срча, темница и рани што се шират и не зацелуваат?!

Глобалната финансиска криза од 2007-2008 година, беше една преочигледна катастрофа и колосална финансиска измама, во која неолиберализмот го прекрши општествениот договор, по која - ќе рече човек - на сите ќе им стане јасно дека системот мора да се менува. Но, по кризата која настана поради ноторниот факт дека неолибералниот капитализам работи воден од само еден рептилски мотив, а тоа е чудовишната и безгранична алчност за чиешто задоволување рептилот ќе го уништи светот без да му затрепери вертикалната очна црница, ништо не се случи. Иако по некои проценки кризата го чинеше светот 22.000 милијарди долари, цената ја платија обичните луѓе, додека од причинителите на кризата - финансиските свештеници на неолиберализмот - буквално никој не одговараше за милионите жртви што останаа ограбени, без своите домови, пензии, заштеди, работа, судбини и животи, туку поделија бонуси и енормно го зголемија богатството на храмот.

## Неолибералниот капитализам падна на секој тест

Пандемијата во чијашто окупација деновиве живее безмалку половина од човештвото, уште еднаш покажува дека глобалниот неолиберален капитализам паѓа на секој тест во кој треба да испорача нешто од ветувањата врежани во општествениот договор што му овозможи ведро и арогантно да ги ограби човештвото и планетата. Иако ветуваше дека се може да реши со своите технолошки моќи, и за таа цел повторно подготвува спектакуларно освојување на целата вселена, долу - на земјата, на своите граѓани не може да им обезбеди ни маски од хартија, ниту болнички кревети, ниту здравствен систем, ниту солидарност, ниту вистинска економска грижа и безбедност, практично ништо. Неолибералистичкиот свет очекува луѓето храбро и молкум да се помират со неумитноста на пандемиските сурови природни закони: можноста да се разболат и умрат, како и непопустливоста на банките да се откажат од своите камати и профити.

А, се чини дека на „сопствените моќи да го менуваат светот и да влијаат врз општествените и политичките услови на сопствениот живот“ никој веќе и не помислува. Заборавиле луѓето дека промената е воопшто можна.

**Пандемијата во чијашто окупација деновиве живее безмалку половина од човештвото, уште еднаш покажува дека глобалниот неолиберален капитализам паѓа на секој тест, со кој треба да испорача нешто од ветувањата врежани во општествениот договор што му овозможи ведро и арогантно да ги ограби човештвото и планетата.**

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

# Корона и солидарност

Предлогот е воведување на исплата на времен придонес, онолку месеци колку ќе трае кризата. Ако претпоставиме дека кризата ќе трае три месеци, ограничувањата во бизнисот со мерките за заштита – исто толку, тоа значи следните три месеци е период на заздравување и потоа дополнително времена тримесечна исплата на тој придонес, во висина од 1 отсто од месечните приходи што ги остварува секоја фирма.


## Петар Богојески



**mail** contact@pecat.mk


Живееме во време кога зборот солидарност е во секојдневна употреба. Но, во исто време, тоа се подразбира како „милостина“ или паушално се нафрла кога се сака да се повика на одговорен однос и чувство за заедништво за време на оваа криза. Сепак, треба да се обидеме дополнително да ја појасниме. Да ја допреме суштината на разбирањето на солидарноста во светот на политиката.

Често пишувам за оној општествен договор, преку кој сите сме се согласиле да ѝ се потчиниме на државата и да пренесеме дел од нашиот „личен суверенитет“ во нејзини раце. Тоа сме го направиле како резултат на нашите убедувања дека ќе живееме подобро во организирана заедница, а не во индивидуален хаос. Политичарите што застанале на таа страна на заедништвото, убедувале со разни аргументи. Тие во свое време биле и научници во областа. Но само два аргумента се истакнале врз останатите. Тоа е ветувањето дека државата ќе воспостави еднаквост помеѓу нас или дека државата ќе воспостави солидарен однос помеѓу нас. Првото се т.н. левичари, второто се т.н. десничари. Кога се зборувало за тој солидарен однос помеѓу луѓето, не се мислело на лична доза на милостина кон посиромашните или послабите. Тоа е друга работа. Тоа е религијата, а не политиката. Точно дека темелот на „солидарноста“ доаѓа од религијата, но и со еднаквоста е иста приказна. Во случајот со политиката, станува збор за „солидарно поведение“, како на граѓаните, така и на државата. Во тој почетен договор сме се договориле дека државата ќе се погрижи да биде прво самата таа солидарна, оттаму тој атрибут во уставите дека сме социјални држави, но и дека тоа поведение ќе го наметне врз индивидуалците како единствено „прифатливо општествено поведение“. Како единствено „прифатливо лично поведение“. Така сме поверувале и сме пристапиле кон „потпишување на договорот“.

### Солидарноста не е милостина

Кога денес се зборува за солидарноста, треба да се има на ум дека тоа не е милостина на власта или на политичарите, туку обврска на државата и на секој од нас, да ја практикуваме на дело одредбата од договорот, со кој сме се договориле да формираме заедничка држава. Политичарите имаат обврска да ја спроведат таа одредба. Зашто тоа е единствената причина што „трпиме“ организиран живот под „јаремот на државата“. Ова е есенцијално прашање, ова е општествено поведение, на кое сме обврзани и за време на криза и за време на редовна состојба. Инаку договорот би „паднал“! Чуму држава, ако тука владее законот на џунглата?! Ако посилните ги ловат послабите. Ако богатите се обидат да станат побогати во ова време-невреме. За таа цел, во рацете на државата се ставени инструменти, како да го преточи во дело тоа солидарно поведение. Тие се многу, еден од нив се нарекува даночен систем. Друг се нарекува дозволено, законско дејствување на поединецот. Во нашиов случај Владата е на потег, да ја суспендира џунглата во која живееме, а да воспостави солидарен поредок. Едноставно, преку воспоставување времен солидарен „корона придонес“ од општествена одговорност и либерализација на регулативата во банкарскиот сектор. На тој начин, државата ќе го оправда своето постоење и ќе се практикува одредбата за солидарноста во тој колективен граѓански договор. Да не се разбереме погрешно, не станува збор за мешање на државата во личното богатство на поединецот или во работењето на банките. Напротив, државата само ја исполнува одредбата од договорот, со кој е самата таа воспоставена, формирана.

Предлогот е воведување на исплата на времен придонес, онолку месеци колку ќе трае кризата. Ако претпоставиме дека кризата ќе трае три месеци, ограничувањата во бизнисот со мерките за заштита – исто толку, тоа значи следни три месеци е период на заздравување и потоа дополнително времена тримесечна исплата на тој придонес, во висина од 1отсто од месечните приходи кои ги остварува секоја фирма. Не мислам на воведување „арач“, па до гола кожа да се одере

> **Не мислам на воведување „арач“, туку на износ што е доволен државата да може да ја исполни својата уставна обврска за да биде социјална. Ако кризата заврши во мај, до август е период на санација и заздравување, од септември да се воведе тој „корона придонес“, заклучно со ноември.**


## Жанета Скерлев



**mail: contact**@pecat.mk


# Време на нови херои

Слабичок, не многу висок, значи средно висок, со малку проретчена коса на челото. Симпатичен и „телевизичен“. Со пријатен глас и фини манири. На фотографиите од младоста и почетоците на политичката кариера изгледа речиси исто, ама со повеќе коса. Генетски, се чини фамилијарно не стареат низ годините. Министерот за здравство речиси преку ноќ стана најпопуларната личност во земјата. Неговите обраќања во време кога бројките на заразени со ковид-19 почнаа драматично да растат, а исто така почна да се зголемува и бројот на починатите, беа најгледаните емисии на телевизија. Појавата на министерот за здравство делува(ше) мошне смирувачки на сè повеќе загрижената нација на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска. Не знам што е со министрите за здравство низ Европа, ама ако ги погледнете, голем број од нив како под ист калап да се создадени. Слично годиште, слична харизма. Добро, некои имаат малку повеќе коса, шпанскиот и францускиот, на пример. Ама имаат ист ефект врз оние на кои им се обраќаат. Како тукашниот.

Мат Ханкок, згора на сè, успеа да прележи зараза од ковид-19 за една недела, се врати на работа свеж и одморен, рече дека се чувствува добро, само ослабнал три килограми и плус - супер му стои. Тој стана толку популарен и славен, што можам да се обложам дека му завидуваат во кабинетот на Борис Џонсон, каде што врие од амбиција и тестостерон. Доказ - една недела го нема на владините пресови и на малите екрани од нашите телевизиски приемници...

### Слабо нешто лајкови

Едно време, во време на светски кризи, се собираа музичари и познати и славни и снимаа песни со кои го свртуваа вниманието на јавноста врз сушата, војната, гладот, пожарот, поплавата, епидемијата, земјотресот... и тоа беше прилично успешно. Ама тоа беше тогаш. Времињата се сменија. Од пред три месеци. И сега се собраа некои музичари, познати и славни, да го свртат вниманието на пандемијата. Ама, нешто слабо оди... звучните имиња снимија песни, ама животот да ми зависи од тоа, не можам да се сетам, можам да ги прогуглам, ама зошто? Или нема кој не знае за пандемијата ширум светот или можеби помина времето кога оние што не знаат што да им прават на парите, ќе снимат песна или ќе организираат акција други да даваат пари. Наместо тие да дадат пари. За јавното здравство, за справување со коронавирусот. Некако на богатите и славните, деновиве „тешко им оди“. Од викендичките каде што се испозасолнија. Слабо нешто лајкови. Јавноста ги критикува. Под притисок на јавноста, арапскиот шеик од Дубаи реши да се откаже, сигурно со тешко срце, од трите милиони фунти месечна кирија за ЕКСЕЛ-саемот што сега е претворен во болницата „Најтингел“ во Лондон со 4.000 кревети, која веќе почна да ги прима првите пациенти. Фудбалерите од англиската Премиерлига никако да се договорат да ги скратат малку или малку повеќе апсурдно високите хонорари што ги земаат (стотици илјади фунти - неделно), а клубовите да се откажат од државната помош за да можат да ги плаќаат вработените во клубовите кои не работат, без да ги отпуштат, плус да придонесат за јавното здравство.

> **Во време на пандемија, кога многумина умираат, многумина се заразуваат, болниците се преполнуваат и трети паѓаат на нос од умор, ги гледам хероите на новото време како по 123 часа работа со солзи во очи преколнуваат да им помогнете. Единственото нешто што треба да направите е, велат, да останете дома. Не ќе да е толку тешко...**

Оние што досега дебело заработуваа од бенефициите пазарното општество, се очекува да бидат дарежливи за оние што секој ден ги изложуваат своите животи на ризик. Не само своите туку и животите на своите семејства. И за оние што одат секој ден на работа за да има храна во самопослугите и лекови во аптеките и транспорт на основни (и не толку основни, ама потребни за ментално здравје) производи и кои ги учат децата на основните работници и оние што работат од дома и во лабораториите и кои тестираат и... ме разбирате, нели?

### Би-би-си и Ен-ејч-ес

Популарноста на јавното здравство, т.н. Нешенал хелт сервис или Ен-ејч-ес, од неодамна почна да ја разбира и конзервативната влада на премиерот Борис Џонсон, кој, патем, лежи во интензивна нега во државната болница од другата страна на Темза, каде што беше однесен по 10 дена заразен со ковид-19 и висока температура. Ни рекоа дека бил подобар, дека седел во креветот. Макар што за еден ден во интензивна нега требало една недела рехабилитација, па оставени сме на милост и немилост на министерот за надворешни работи Доминик Рааб (се пишува со две, се чита со едно а), кој за разлика од БоЏо, има харизма на - ногарка од столче. Онаа десната. Ама ќе нè води. Во меѓувреме, се зборува и за колективно раководење на кабинетот, и покрај тоа што се појавуваше уште еден претендент за „калиф на местото на калифот“, Мајкл Гоув, ама и тој или не миеше раце или се гушкаше со кого не треба, па е во самоизолација... Тука е и новиот лидер на опозицијата, сер Киер Стармер, кој се понуди и е прифатен да придонесе во справувањето со кризата, но засега е повеќе зафатен со формирање на новиот кабинет во сенка, ослободување од старата гарда на претходникот Корбин и санирање на штетите од губењето неколку последователни избори.

Но, се појави младиот министер за финансии Риши Сунак, кој претходно храбро ја образлагаше огромната и без преседан финансиска помош за земјата,

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

бизнисот. Мислам на износ што е доволен, државата да може да ја исполни својата уставна обврска за да биде социјална. Ако кризата заврши во мај, до август е период на санација и заздравување, од септември да се воведе тој „корона придонес“, заклучно со ноември. Или може да се плаќа помал износ, повеќе месеци. Со тоа нема да се реши проблемот во целост, но функционалноста на државата ќе биде запазена. Со мерка, со разум да биде сето тоа сработено.

### Корона придонес

Дополнително, без државата на кој било начин да им се меша на банките во нивната работа, ќе се пристапи кон брза либерализација на банкарскиот пазар, со што ќе се отвори пристапот кон евтини пари за граѓаните и бизнисот. На тој начин ќе можеме, сите полесно да го поднесеме „корона придонесот“. Тоа нема да предизвика никаква девалвација на денар, ниту некои поголеми потреси. Единствено ќе ни овозможи поголема слобода да располагаме со нашиот личен капитал и можност да инвестираме во повносни бизниси или да се позајмуваме од поевтини извори.

Тоа накратко би било она што се нарекува солидарност на дело. Ако досега не сме успеале солидарноста да ја наметнеме како единствено прифатливо општествено поведение, тогаш договорот е на сила и државата мора да го наметне истото. Ама не сме од денес за утре. Ништо страшно. Во иднина секако тоа ќе стане наше редовно поведение. Во тоа сум убеден.

да каже дека сега ќе ги помогне и добротворните друштва што останаа беспари. Тие ќе добијат 750 милиони фунти за да можат да продолжат со нивната хумана мисија. Зашто моите прилози за борба против срцевите заболувања, канцерот и за спасот на децата и донациите што јас со другите ги даваме престанаа - канцелариите се затворија. Сега ќе можат да продолжат.

А мојот Би-би-си (еднаш мој, секогаш мој) на 23 април организира голема хуманитарна тричасовна програма, на која ќе собира донации за јавното здравство, а владата вети дека ќе даде „фунта за фунта“, односно ќе донира колку што ќе биде собрано! А првично, за да не се почне од нула, ќе го даде првиот влог од 20 милиони фунти. Јавниот сервис за јавното здравство. Од сите нас, немам ништо против, напротив.

Единствено имам против оние што мрчосуваат, се жалат, стануваат хистерични што треба да седат дома, па дури зборуваат и за нарушувањето на нивните човечки права и слободи. Засега, малку се, ама „упорити“. Во време на пандемија, кога многумина умираат, многумина се заразуваат, болниците се преполнуваат и трети паѓаат на нос од умор, ги гледам хероите на новото време како по 123 часа работа со солзи во очи преколнуваат да им помогнете. Единственото нешто што треба да го направите е, велат, да останете дома. Не ќе да е толку тешко...

**Градимир Јовановиќ**
новинар



**mail:** contact@pecat.mk

# Скица за портрет: Д-р Жарко Христовски

**Кога го играте последното танго на долгиот пат, наречен живот, се појавува тој, во бело докторско руво, насмевнат, без ронка паника, ви приоѓа и ве фаќа за рака, додека низ забите процедува одвај чујно: „Не грижете се, ќе биде добро“. Околу него група лекари, медицински сестри и техничари, сите претворени во уво, чекајќи да постапат по налозите на д-р Жарко Христовски, шефот на кардиолошкиот тим на болницата „АЦИБАДЕМ СИСТИНА“**

Кога во еден миг, како во магновение што се мери со делче од секунда, ќе сфатите дека немате здив да го надополните белодробието и во истиот момент како заматен сон ќе ви се пристори како црната рака со долги прсти и остри нокти полека ви се доближува, цинично кикотејќи ви се в лице, првичната помисла во тој паничен стрес е дека „тоа е тоа“, иако вие, живеејќи во длабока заблуда дека сте силни, одеднаш станувате ронка што пропаѓа во црното вулканско гротло што сè уште чади. И во истиот момент како струен удар низ главата ви поминува животното правило дека сè што сте правеле во животот во еден момент ќе дојде на наплата, дека ниту едно суштество не успеало да му се спротистави, а уште повеќе да го надмудри. Секако, станува збор за вечната човекова потреба да мисли дека нема токму тој да биде жртва пред веќе поставениот олтар на човековите заблуди. А тоа (о, каков апсурд), би значело да му се избришани сите грди статистики оптоварени со тони испушени цигари, хедонистички трпези, од непешачење (под разни изговори)... уште една тешка човечка глупост, измислена како алиби за самоблефирање пред надоаѓачкиот епилог...

...И кога мислите дека ги гледате последните секвенци на дотогаш во розово насликаниот свет на самомамење, во очите на најблиските, кои ве донеле во ургентната единица на кардиолошкото одделение на „СИСТИНА“ веќе заискрува невешто прикриена солза. И токму во тој момент, кога го играте последното танго на долгиот пат, наречен живот, се појавува тој, во бело докторско руво, насмевнат, без ронка паника, ви приоѓа и ве фаќа за рака, додека низ забите процедува одвај чујно: „Не грижете се, ќе биде добро“. Околу него група лекари, медицински сестри и техничари, сите претворени во уво, чекајќи да постапат по налозите на д-р Жарко Христовски.

Д-р Жарко Христовски не сака да зборува за себе. Дури категорички го прекинува разговорот во кој насетува дека се крие можеби некаква лична нота. Би сакал да разговара за резултатите од вложениот труд. Сепак, со мали новинарски итроштини, успевам да откријам макар делче за овој динамичен човек. Дотолку повеќе што нашата јавност со години ја трујат разни шарлатани, фолиранти, незнајковци и криминалци, кои во својот живот, освен штета на овој народ, не знаеле и не знаат да направат ништо во негова корист. Ме мотивира желбата дека е непростливо приказната за успешните, креативните и трудољубивите да остане заробена во тесниот круг на луѓе или меѓу ѕидовите на болничките ординации, операциски сали и амбуланти...

### Меѓународно искуство

Д-р Жарко Христовски има 56 години, од кои 25, веднаш по завршувањето на Медицинскиот факултет во Скопје, ги посветил на кардиологијата.

„...Најголемиот мотив во целост да ѝ се посветам на кардиологијата беше моментот на смртта на мојот татко кој многу го сакав. Тој замина од овој свет токму поради срцевата болест; немаше среќа да стигнам да му помогнам. Затоа решив да научам сè што може да се научи од домашната и од светската литература, не само книшки, туку пред сè практично, за да стане дел од мене во сите можни предизвици.“

Неговите амбиции не завршувале да стане лекар-кардиолог во некој здравствен дом. Мечтаел по нешто повисоко, попредизвикувачко... Сакал на лице место да види како кардиологијата напредува подалеку од Македонија. Така, меѓу повеќе медицински установи, подолго време работел во Италија, каде што ги купил занаетчиските тајни од најпознатите светски признати професори. Потоа продолжил во Хрватска, па во Словачка, додека последната



станица Казахстан ја задржал за крај. А таму, за кратко време, станал национално позната личност откога се дознало какви огромни успеси постигнува во обуката на локалните лекари за тајните на интервентната кардиологија. Му нуделе огромни пари да остане таму, но љубовта кон својот народ и желбата да му се стави на располагање, била посилна од сè.

„Ги сакам луѓето. Тоа било и останало моето животно кредо, како и никогаш да не ѝ се предавам на болеста. Тоа ми дава сила да ги вложувам своите максимални усилби да им помагам на луѓето. Генерално, мојата професионална филозофија никогаш нема да се смени, а тоа е дека само добар и возвишен човек може да биде добар лекар. Оние што завршиле Медицински факултет од лукративни причини или помодарство, брзо се препознаваат. Таквите никогаш не сум ги сакал во мојот тим, сметајќи дека можат да прават само штета. Успеав дури неколку роднини да ги разубедам во намерата да се запишат на медицинските студии познавајќи го нивниот хабитус. Секој лекар, а посебно најдобрите, мора да биде по малку и психијатар, зашто пред себе не ја поставува само задачата да ја лекува основната болест, туку да ја согледа целокупната личност на пациентот на кој му треба помош“, вели д-р Христовски.

Колку и да се труди да се држи што подалеку од јавниот фокус, д-р Жарко Христовски не може да ги спречи луѓето што ги излекувал и ги вратил од мртвите да ја шират вистината за него, неговата пожртвуваност и длабоката почит за служење со несомнени успеси. Таквите гласови за него и неговиот тим се слушаат дури и на пошироките балкански простори. Така, еден од водечките грчки кардиолози од солунската кардиолошка клиника „Евромедика“, д-р Јоргос Котопулос, има изјавено дека скопската „СИСТИНА“ има извонреден кардиолошки тим, оспособен успешно да се носи со најтешките медицински предизвици.

### На здравјето сè треба да му се подреди

„На здравјето сè треба да му се подреди“ - тврди д-р Христовски. „Обичниот уличен питач, ако е здрав, побогат е од најбогатиот султан што спие на кревет од дијаманти. Што се однесува до заблудите кај луѓето, нивниот извор и привид треба да се откријат навреме за објаснувањето да биде лековито“ - често го цитира омилениот филозоф Кант - „ако се открие навреме, не е далеку времето на излекувањето.“

Авторот на овие редови, професионален новинар со шестдецениско искуство, секогаш јавно тврдел дека македонските здравствени работници се најголемото богатство што Македонија го има. Тоа го потврдуваат чудесните и храбри подвизи на саможртва што самосвесно, терани од сопствената човечка и професионална совест, ги прават епидемиолозите, инфектолозите, вирологите, заедно со сета армија медицински сестри, техничари, болничари и сите други што им помагаат да го победат ова планетарно зло. Сега сите ги воспеваат овие наши херои и хероини, безимени јунаци на нашево време, но ќе видиме дали така ќе остане кога ќе го совладаат коронавирусот. Македонското општество им го должи тоа, заедно со вечната благодарност.



ХОРИЗОНТИ

За да се претвори Мултинационалната финансиска рамка на ЕУ во вистински „Маршалов план 2“, членките мора да се согласат да издвојат поголеми средства за Унијата, многу поголеми отколку што кој било досега предложил, а во исто време радикално да се преработи намената на парите.



↑ Џорџ Маршал

**Криза** Планови за обнова на економијата на Европа, разурната од пандемијата



**Голема пречка за амбицијата на Фон дер Лејен е желбата и можноста на членките да издвојат повеќе средства за буџетот на ЕУ**

# Нов Маршалов план е преголем залак за Европската Унија

**Буџет** Парите за „новиот Маршалов план“ не може да дојдат од Унијата, туку од нејзините членки, зашто буџетот пропорционално е значително помал од поствоената помош што на Европа ѝ ја дадоа САД.

Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лејен, неколкупати изјави дека на Европа ѝ е неопходен нов Маршалов план за да се извлече од кризата предизвикана од пандемијата на коронавирусот и кој би бил јадрото на идниот долгорочен буџет на Европската Унија.

Но, експерти предупредуваат дека буџетот на ЕУ не може да се споредува со финансиската програма на САД за економска обнова на Европа по Втората светска војна. Парите за „новиот Маршалов план“ не може да дојдат од Унијата, туку од нејзините членки, зашто буџетот пропорционално е значително помал од поствоената помош што на Европа ѝ ја дадоа САД. Згора на тоа, поголемиот дел од буџетот се однесува на веќе постојни програми, какви што се субвенциите за земјоделството и за регионален развој.

За да се претвори Мултинационалната финансиска рамка на ЕУ во вистински „Маршалов план 2“, членките мора да се согласат да издвојат поголеми средства за Унијата, многу поголеми отколку што кој било досега предложил, а во исто време радикално да се преработи намената на парите. Барем досега нема никакви најави дека нешто толку драматично може да биде предложено или прифатено.

Јасно е, сепак, дека буџетот на ЕУ ќе има некаква улога во економската стратегија за излез од кризата, но поголеми средства ќе дојдат од националните влади и од програмите од Европската централна банка, веројатно и од резервниот фонд за помош на земји во финансиска криза, како и од шемата за осигурување на невработените, предложена минатата недела од Европската комисија. Таквите издвојувања, европските функционери сакаат да ги споредуваат со планот на американскиот државен секретар Џорџ Маршал од пред речиси еден век.

Оригиналниот Маршалов план се состоеше од грантови за обнова на западноевропските економии што беа уништени од Втората светска војна. Целта на таа помош беше промовирање на индустриско и земјоделско производство. Планот опфаќаше и обнова и одржување на цврстината на европските валути, буџети и финансии, како и стимулирање на развој на трговијата на европските земји меѓусебно и на глобална сцена. Маршаловиот план содржеше и услови – примарниот беше европската интеграција, а постоеше и закана за откажување на помошта за земјите во кои во власта или како партнер на власта учествуваат комунистички партии. Со такви услови, 16 европски земји во периодот од 1948 до 1952 година добија неповратна финансиска помош од САД во вкупна вредност од 13,3 милијарди долари. Во тоа време, тоа било 1,1 процент од производството на САД, а просечно по 2,6 отсто од производот на земјите што ја добиле помошта.

**Многу европски влади не би се согласиле од буџетот на ЕУ да се скратат трошоците за сегментите од кои имаат корист, како, на пример, субвенциите за земјоделството**

За споредба, оригиналниот предлог на Европската комисија за долгорочниот буџет на ЕУ од 2021 до 2027 година е еквивалентен на 1,11 процент од бруто-националниот приход на Унијата. На самитот во февруари тој предлог беше одбиен и се разгледуваше компромисно решение во вредност од 1,07 процент од БНП на ЕУ.

- Буџетот на ЕУ дефинитивно не е доволно голем и нема да може да биде главното оружје за да се надмине економската криза. Клучен ќе биде националниот фискален стимул, поддржан со акции од Европската централна банка – изјави за порталот „Политико“ европски функционер, инсистирајќи да остане аноним ен.

Со ова се согласуваат и политичари во Брисел.

- Секако дека има потреба од значително посилен одговор од ЕУ на економскиот пад поради пандемијата на коронавирусот, но како можете да го направите тоа со буџет што помалку или повеќе е 1 отсто од бруто-домашниот производ – вели Јохан ван Оверврелт, претседавач на Комитетот за буџети на Европскиот парламент.

Јајн Бег од Лондонскиот економски факултет вели дека со актуелната магнитуда на буџетот и со традиционалната композиција, особено со трошоците за земјоделството и за кохезиска политика, не може да се спроведе толку амбициозна акција, каква што е нов Маршалов план.

Уште поголема пречка за амбицијата на Фон дер Лејен е желбата и можноста на членките да издвојат повеќе средства за буџетот на ЕУ. Поголемиот дел од придонесите за буџетот доаѓаат од националните трезори на членките, врз основа на големината на нивната економија. Францускиот претседател Емануел Макрон во март веќе ја спомна идејата за поголем буџет на ЕУ



како одговор на кризата, но не понуди поголеми средства од неговата земја за Унијата. И другите европски лидери го заобиколуваат незгодното прашање колку повеќе пари може да издвојат за ЕУ ако Унијата се определи за поамбициозно трошење заради обнова. Причината за ова е и политичка, бидејќи националните лидери се загрижени дека така уште повеќе ќе го засилат антиевропскиот популизам – ќе бидат обвинети дека даваат премногу за унијата во време кога парите се итно неопходни дома. Хелен Лапорт, европратеничка од Националното движење на Марин ле Пен, оцени дека евентуалното зголемување на средствата што Франција ги издвојува за ЕУ би било „лудост“.

Многу европски влади не би се согласиле од буџетот на ЕУ да се скратат трошоците за сегментите од кои имаат корист, како, на пример, субвенциите за земјоделството.

- Секое евро што министерствата за финансии или даночната база го издвојува за ЕУ, значи едно евро помалку за вложување во националните планови за обнова – објаснува професорот Бег.

Европската комисија објави дека наскоро ќе го претстави преработениот предлог за долгорочен буџет. Нема најави дали промените ќе бидат радикални.

- Тоа нема да биде коренито нов предлог, променет од почеток до крај. Ќе има измени, особено на полето на инвестиции – изјави пред една недела Михаел Хагер, шеф на кабинетот на еврокомесарот за економска политика Валдис Домбровскис.

Некои експерти укажуваат дека на Европа во време на коронавирусот не ѝ е потребен план со неповратна помош, каков што беше Маршаловиот, туку проект што ќе обезбеди во иднина воопшто да нема потреба од такви планови за излез од кризa.

- Ќе биде потребна зголемена потрошувачка, но рамките ќе бидат многу поинакви, зашто и условите се сосема поинакви. Сметам дека приоритетот треба да биде заздравување на капацитетот на производство на стоки и услуги, и во Европа и во САД. Критично е да се задржат во живот компаниите што се добри и солвентни, па кога ќе се смири пандемијата, ќе можеме брзо да го обновиме производството. Не сакаме да бидеме во позицијата во која се најдовме по Втората светска војна, кога економиите беа уништени и мораше повторно да ги изградиме. Мора да настојуваме економиите да не бидат уништени, да ги задржиме во живот, а во многу случаи тоа значи кредити, не грантови – вели Бен Стајл, директор за меѓународна економија во Советот за надворешни односи.

Буџетот на ЕУ може да има улога во генерирање позајмици, преку моделот на предложената програма Инвест ЕУ, која ги спојува јавните и приватните инвестиции со кеш од буџетот како гаранција.

# СТО: Светот маршира кон нова Голема депресија




Меѓународната трговија практично запре како последица на пандемијата и светот може лесно да падне во нова голема криза, како Големата депресија од триесеттите години на минатиот век, предупреди Светската трговска организација, задолжена за уредување на глобалниот трговски систем. СТО наведува дека дури и најоптимистичкото сценарио за 2020 година предвидува намалување на трговијата за 13 отсто, повеќе отколку за време на рецесијата предизвикана од банкарската криза во 2008 и 2009 година. Други сценарија претпоставуваат пад на економијата и за 32 отсто, што би било рамно на периодот на Големата депресија од 1929 до 1932 година.

Светската трговија колабираше пред 90 години делумно поради протекционистичките мерки воведени од развиените земји.

Шефот на СТО, Роберто Азеведо, предупредува дека воведувањето бариери како одговор на пандемијата, може уште повеќе да ја влоши ситуацијата.

- Бројките се грди, но возможно е рапиден скок. Одлуките донесени сега ќе го трасираат патот на обновата и глобалниот развој – вели Азеведо.

Без да ги спомне директно САД и Кина, шефот на СТО оцени дека смирувањето на тензиите помеѓу големите светски сили може да го амортизира падот предизвикан од пандемијата.

- Мора да поставиме основи за силна, одржлива и социјално инклузивна обнова. Трговијата ќе биде важна, заедно со фискалната и монетарната трговија. Треба да ги задржиме пазарите отворени и предвидливи, да поттикнеме поволни услови за бизнис. Тоа е критично за нови инвестиции. Ако земјите соработуваат, обновата може да биде многу побрза, отколку ако секоја земја дејствува за себе – вели Азеведо.

СТО предвидува обнова во трговијата во идната година, но не проценува колку висок ќе биде скокот. Тоа ќе зависи од временската рамка на вонредните мерки низ светот и од ефикасноста од политиките.

- Оваа криза пред сè е здравствена, па владите се принудени да преземаат радикални мерки за да ги заштитат животите на луѓето. Падот е неодминлив и ќе има болни последици за домаќинствата и бизнисите, згора на страдањата од самата болест. Итна цел е да се стави пандемијата под контрола и да се избегне економска штета за луѓето, компаниите и земјите. Но, политичарите мора да почнат да планираат што ќе се прави потоа – изјави шефот на Светската трговска организација.

**Оксфам.**

## Половина милијарда луѓе ќе заглават во сиромаштија

**Потребни се итни мерки за да се спречи опасноста повеќе од половина милијарда луѓе да заглават во сиромаштија како последица од вонредната ситуација поради пандемијата, предупредува хуманитарната организација Оксфам.**

Запирањето на економиите, за да се запре ширењето на вирусот, веројатно ќе ги врати назад сите успеси во глобалното сузбивање на сиромаштијата во изминатите десет години, а во Супсахарска Африка, Северна Африка и Блискиот Исток состојбата може да се врати како што беше во последната декада од минатиот век, предупредува Оксфам во извештај спроти виртуелните состаноци на министрите за финансии од Г-20, на Меѓународниот монетарен фонд и на Светската банка.

Не се отфрла сценариото дека по крајот на кризата, сиромашни ќе бидат една половина од глобалното население од 7,8 милијарди. Истражување од лондонскиот Кралски колеџ и од Австралискиот национален универзитет покажува дека намалување на приходите од 20 отсто како последица на рецесиите ќе остави уште 548 милиони луѓе со помалку од 5,5 долари на ден, што е нивото на сиромаштија според Светската банка.

Г-20, ММФ и Светската банка ќе ги разгледуваат плановите за олеснување на долговите за најсиромашните земји, како и за создавање форма на меѓународна валута, со која ќе им се помогне на најзагрозените земји. ОН предупредува дека во Африка може да бидат отпуштени од работа една половина од работниците, поради што е проценето дека за поддршка на земјите во развој треба да се вложат 2.500 милијарди долари.

Оксфам повикува на усвојување итен пакет за спас, кој би им овозможил на сиромашните земји да ги спасат луѓето што биле отпуштени или што ги затвориле малите бизниси.

Хуманитарната организација укажува дека пари може да се обезбедат со разни мерки, вклучувајќи и простување на долгови во вредност од 1.000 милијарди долари, односно создавање валута во толкав износ.

**Пандемија.**



## Во Русија извршени милион тестирања, Кинезите претпазливи

• Според најновите податоци, во светот досега се регистрирани 1.521.030 лица заразени со новиот коронавирус. Од нив починати се 88.563, а оздравеле 331.132 луѓе.

• Повеќе од еден милион тестови за вирусот ковид-19 се извршени во Русија, соопштија локалните власти. Во Русија, 8.672 лица се заразени со коронавирусот, додека 171.000 се под медицински надзор. Досега 63 лица починаа од вирусот.

• Кинескиот претседател Си Џинпинг предупреди за нов бран на инфекција со коронавирусот во земјата. Иако епидемијата во Кина е под контрола на прв поглед, се повеќе се појавуваат асимптоматски случаи. За само неколку дена, беа регистрирани околу илјада.

• Научниците предвидуваат дека Велика Британија ќе биде најтешко погодената земја во Европа и дека околу 66.000 луѓе ќе починат од компликации поврзани со Ковид-19 во Велика Британија.

• Задолжителен карантин за лица кои влегуваат во земјава од странство ќе стапи на сила утре во Германија. Како што соопшти Министерството за внатрешни работи, сите лица кои доаѓаат од странство ќе мораат да се стават во карантин две недели. Во случај на непочитување на карантин, тие се соочуваат со казна од 150 до 25.000 евра.

комерцијална банка ад скопје

## НА РЕДОВНОТО ГОДИШНО СОБРАНИЕ ОДРЖАНО НА 02.04.2020 ГОДИНА АКЦИОНЕРИТЕ НА КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ ГИ УСВОИЈА ПОСЕБНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2019 ПО ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ОД СТРАНА НА РЕВИЗОРСКОТО ДРУШТВО КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ

KPMG
КПМГ Македонија ДОО Скопје
Ул. „Филип Втори Македонски" бр.3
Скопје 1000, Република Северна Македонија
+389 (2) 3135 220
mk-office@kpmg.com
kpmg.com/mk

### Извештај на независниот ревизор до Акционерите на Комерцијална Банка АД Скопје

**Извештај за посебните финансиски извештаи**

Извршивме ревизија на придружните посебни финансиски извештаи на Комерцијална Банка АД Скопје ("Банката"), како што се прикажани на страните од 3 до 161, кои се состојат од посебниот биланс на состојба на 31 декември 2019 година и посебниот извештај за билансот на успех, посебниот извештај за сеопфатна добивка, посебниот извештај за промените во капиталот и резервите и посебниот извештај за паричниот тек за годината тогаш завршена и белешките, кои се состојат од преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

**Одговорност на раководството за посебните финансиските извештаи**

Раководството на Банката е одговорно за изготвување и реална презентација на овие посебни финансиски извештаи во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија, како и за таква интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за да се овозможи изготвување на посебни финансиски извештаи кои се ослободени од материјално значајни грешки, било да се резултат на измама или ненамерно направени грешки.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да искажеме мнение за овие посебни финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност Стандардите за ревизија прифатени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 79 од 11 јуни 2010 година. Овие стандарди изискуваат да се придржуваме на релевантните етички стандарди и да ја планираме и да ја извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека посебните финансиски извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури за добивање на ревизорски докази за износите и образложенијата во посебните финансиски извештаи. Избраните процедури зависат од нашите проценки, вклучувајќи ги и проценките на ризиците за значајни грешки во посебните финансиски извештаи како резултат на измама или ненамерно направени грешки. Во проценувањето на овие ризици, ги разгледавме соодветните интерни контроли воспоставени во Банката за изготвување и реално прикажување на посебните финансиски извештаи со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и за да изразиме мнение за ефикасноста на интерните контроли воспоставени во Банката. Ревизијата исто така вклучува осврт на користените сметководствени политики и значајните проценки направени од раководството, како и оценка на адекватноста на прикажувањето на информациите во посебните финансиски извештаи.

Ние сме убедени дека ревизорските докази кои ги добивме се достаточни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мнение.

**Мнение**

Според наше мнение, посебните финансиски извештаи реално и објективно ја прикажуваат неконсолидираната финансиска состојба на Банката на 31 декември 2019 година, како и нејзината неконсолидирана финансиска успешност и нејзиниот неконсолидиран паричен тек за годината тогаш завршена, во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

*Годишен извештај за работата на Банката изготвен согласно барањата на член 384(7) од Законот за трговски друштва*

Согласно изискувањата на член 34(д) од Законот за ревизија, ние известуваме дека историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај на Банката, изготвен од раководството согласно барањата на член 384(7) од Законот за трговски друштва, се конзистентни во сите материјални аспекти, со годишната сметка на Банката и со финансиските информации обелоденети во ревидираните посебни финансиски извештаи на Банката, на и за годината која завршува на 31 декември 2019 година. Раководството е одговорно за изготвување на годишната сметка на Банката која што беше одобрена од Надзорниот одбор на Банката на 27 февруари 2020 година и за изготвување на годишниот извештај на активностите на Банката, којшто беше одобрен од Надзорниот одбор на Банката на 27 февруари 2020 година.

Скопје, 2 март 2020 година

ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР
Гордана Никушевска

КПМГ Македонија ДОО
Управител
Гордана Никушевска

### ПОСЕБЕН БИЛАНС НА УСПЕХ
**за периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019**

| | Белешка | во илјади денари<br>тековна година 2019 | во илјади денари<br>претходна година 2018 |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата | | 2,916,288 | 2,993,065 |
| Расходи за камата | | (512,771) | (522,495) |
| **Нето-приходи/(расходи) од камата** | 6 | **2,403,517** | **2,470,570** |
| Приходи од провизии и надомести | | 1,386,069 | 1,235,637 |
| Расходи за провизии и надомести | | (438,907) | (358,724) |
| **Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести** | 7 | **947,162** | **876,913** |
| Нето-приходи(расходи) од тргување | 8 | 14,234 | 4,791 |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | 7,364 | 7,269 |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 10 | 118,061 | 139,864 |
| Останати приходи од дејноста | 11 | 819,026 | 1,424,406 |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | 60,816 | 64,187 |
| Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа | 12 | (588,509) | (793,856) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | (4,513) | (413,040) |
| Трошоци за вработените | 14 | (978,760) | (978,114) |
| Амортизација | 15 | (163,220) | (166,441) |
| Останати расходи од дејноста | 16 | (648,425) | (643,813) |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | - | - |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **1,986,753** | **1,992,736** |
| Данок на добивка | 17 | (179,997) | (212,444) |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење** | | **1,806,756** | **1,780,292** |
| Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба* | | - | - |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **1,806,756** | **1,780,292** |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | - | - |
| неконтролираното учество | | - | - |
| **Заработка по акција** | 41 | | |
| основна заработка по акција (во денари) | | 793 | 781 |
| разводнета заработка по акција (во денари) | | 793 | 781 |

* само за консолидираните финансиски извештаи

### ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**за периодот од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019**

| | Белешка | во илјади денари<br>тековна година 2019 | во илјади денари<br>претходна година 2018 |
|---|---|---|---|
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **1,806,756** | **1,780,292** |
| **Останати добивки/(загуби) во периодот (пред оданочување)** | | | |
| ***Останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)*** | | | |
| Ревалоризациска резерва за сопственички средства расположливи за продажба | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на сопственичките средства расположливи за продажба | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од сопственичките средства расположливи за продажба, рекласификувани во Останати резерви | | - | - |
| Промени во кредитната способност на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех | 17 | - | - |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех*** | | - | - |
| ***Останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех (пред оданочување)*** | | | |
| Ревалоризациска резерва за должнички средства расположливи за продажба | | | |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на должничките средства расположливи за продажба | | (12,044) | 7,867 |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од должничките средства расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| - дополнителна исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | - | - |
| - ослободување на исправка на вредноста на должничките средства расположливи за продажба | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања | | - | - |
| - ревалоризациска резерва признаена во текот на годината | | - | - |
| - намалување на ревалоризациската резерва, рекласификувано во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | - | - |
| Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | | - | - |
| Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва коишто не се прикажуваат во Билансот на успех | 24 | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех | 17 | - | - |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто се или може да се прекласификуваат во Билансот на успех*** | | **(12,044)** | **7,867** |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот*** | | **(12,044)** | **7,867** |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | **1,794,712** | **1,788,159** |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:** | | | |
| акционерите на банката | | - | - |
| неконтролираното учество | | - | - |

* само за консолидираните финансиски извештаи

### ПОСЕБЕН БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**на ден 31 декември 2019**

| | Белешка | во илјади денари<br>тековна година 31.12.2019 | претходна година 31.12.2018 | претходна година*** 01.01.2018 |
|---|---|---|---|---|
| **Актива** | | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 18 | 48,733,243 | 48,796,325 | - |
| Средства за тргување | 19 | 197,019 | 28,739 | - |
| Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 20 | 339,193 | 331,829 | - |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | 21 | - | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | 22.1 | 4,693,021 | 2,515,919 | - |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 22.2 | 50,791,397 | 46,406,938 | - |
| Вложувања во хартии од вредност | 23 | 13,139,349 | 12,322,809 | - |
| Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина") | 24 | 289,650 | 274,037 | - |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 4,591 | - | - |
| Останати побарувања | 25 | 1,979,168 | 688,924 | - |
| Заложени средства | 26 | - | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 27 | 40,971 | 179,522 | - |
| Нематеријални средства | 28 | 55,997 | 38,010 | - |
| Недвижности и опрема | 29 | 2,754,491 | 2,807,323 | - |
| Одложени даночни средства | 30.2 | - | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 31 | - | - | - |
| **Вкупна актива** | | **123,018,090** | **114,390,375** | - |
| **Обврски** | | | | |
| Обврски за тргување | 32 | 361 | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 33 | - | - | - |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | 21 | - | - | - |
| Депозити на банките | 34.1 | 449,360 | 350,536 | - |
| Депозити на други комитенти | 34.2 | 107,188,075 | 99,105,236 | - |
| Издадени должнички хартии од вредност | 35 | - | - | - |
| Обврски по кредити | 36 | 837,008 | 928,925 | - |
| Субординирани обврски | 37 | - | - | - |
| Посебна резерва и резервирања | 38 | 332,765 | 502,921 | - |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 8,874 | 126,272 | - |
| Одложени даночни обврски | 30.2 | - | - | - |
| Останати обврски | 39 | 958,968 | 971,310 | - |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 31 | - | - | - |
| **Вкупно обврски** | | **109,775,411** | **101,985,200** | - |
| **Капитал и резерви** | | | | |
| Запишан капитал | 40 | 2,279,067 | 2,279,067 | - |
| Премии од акции | | 771,527 | 771,527 | - |
| Сопствени акции | | - | - | - |
| Други сопственички инструменти | | - | - | - |
| Ревалоризациски резерви | | 5,594 | 17,638 | - |
| Останати резерви | | 8,056,651 | 7,556,651 | - |
| Задржана добивка/(Акумулирана загуба) | | 2,129,840 | 1,780,292 | - |
| **Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на банката** | | **13,242,679** | **12,405,175** | - |
| Неконтролирано учество* | | - | - | - |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **13,242,679** | **12,405,175** | - |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | | **123,018,090** | **114,390,375** | - |
| Потенцијални обврски | 42 | 19,183,405 | 16,872,083 | - |
| Потенцијални средства | 42 | - | - | - |

* само за консолидираните финансиски извештаи
** овој извештај е познат и како „Извештај за финансиската состојба"
*** оваа колона се пополнува само доколку банката: ретроактивно применува сметководствена политика, прави ретроактивна корекција на грешка или прави ретроактивна рекласификација на ставки од финансиските извештаи.

Белешките кон посебните финансиски извештаи претставуваат интегрален дел на овие посебни финансиски извештаи.

Посебните финансиски извештаи се усвоени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 27 февруари 2020 година.

Потпишано во име на Комерцијална банка АД Скопје:

д-р Маја Стевкова Штериева
Главен финансов директор

Илија Илоски
Главен оперативен директор

Хари Костов
Главен извршен директор

# Здравје

Илјадници свеќи можат да бидат запалени од една свеќа и животот на таа свеќа нема да биде скратен. Среќата никогаш не се намалува кога ја делиш со другите.
**Гаутама Буда**

**Благи форми на симптоми.**

# Осум знаци дека организмот сам се изборил со коронавирусот, без да сте свесни за тоа

Доколку сте имале благи форми на овие симптоми, веројатно успешно сами сте се избориле со овој вирус.

Коронавирусот е можно, барем како што тврдат стручњаците во последниве денови, да сте го прележале на нозе. Стручњаците наведуваат дека постои можност некои луѓе овој вирус да го прележале и пред епидемијата официјално да почне. Доколку сте имале благи форми на овие симптоми, веројатно успешно сами сте се избориле со овој вирус.

### Сува кашлица

Еден од најчестите и најпрепознатливите симптоми на коронавирусот е токму сувата кашлица.

### Температура

Освен сувата кашлица, и ова е најголем показател за присуство на коронавирус.

### Ментален замор

Иако тоа официјално не е препознаено како симптом на коронавирусот, некои заразени пациенти тоа го пријавиле како симптом.



### Очна инфекција

Новото истражување покажало дека инфекцијата на очите, како конјунктивитис, може да биде симптом на ковид-19.

Препознаено е дека која било инфекција на горниот респираторен тракт може да резултира со вирусен конјунктивитис, како секундарна компликација, што е случај и кај ковид-19, истакнуваат стручњаците.

Сепак, тие додаваат дека е малку веројатно да се случи заразеното лице да има конјунктивитис како единствен симптом, туку веројатно би бил проследен со температура, сува кашлица или некој друг симптом.

### Тешкотии во дишењето

Чувството на притисок во градниот кош и неможноста длабоко да вдишете, исто така, се јавуваат како симптоми на ковид-19.

### Губење на сетилата за мирис и вкус

Неодамна Здружението на оториноларинголози на Велика Британија предупреди дека губењето на сетилата за мирис и вкус, може да биде симптом за овој вирус.

### Стомачни проблеми

Се покажало дека од 204 заразени што учествувале во една студија, 48,5 отсто од нив пријавиле пролив како симптом.

### Физички замор

Уште еден симптом на ковид-19, кој се јавува и при настинка, вирус на грип и други вируси е чувството на замор и исцрпеност. Здрав организам со силен имунитет е во состојба сам да се избори со блага форма на овој вирус, а да не забележите дека сте го имале. Сепак, најдобро е за секој случај да се придржувате на сите мерки на заштита и самоизолација.







# Лекар откри техника на дишење што може да ги ублажи симптомите на ковид-19

• Луѓето што го почувствувале коронавирусот на своја кожа навеле дека во некои моменти на болеста се чувствувале беспомошно, а еден лекар открил техника на дишење за која тврди дека може да ги ублажи симптомите.

Пациентите што се лекувани од коронавирусот, прераскажувале различни фази на заболувањето од ковид-19. Симптомите вклучувале интензивни епизоди на кашлање и отежнато дишење, бидејќи овој вирус, пред сè, е респираторна инфекција, па поради тоа белите дробови се најтешко погодени од инфекцијата.

Доктор Сарфараз Мунши, началник на одделот за интензивна нега во болницата „Квинс“ во Англија, на социјалните мрежи споделил совети за техника на дишење, која би можела да ги ублажи симптомите на коронавирусот.

Доктор Мунши вели дека оваа техника ја развила неговата колешка Су Елиот, главна медицинска сестра што редовно ја користи оваа техника кај пациентите што се на одделението за интензивна нега.

### Како функционира оваа техника?

За почеток треба да направите пет длабоки вдишувања и да го задржите секојпат здивот пет секунди. На шестото вдишување повторно задржете го здивот пет секунди, а потоа накашлајте се, покривајќи ја устата. Потоа, повторете ја постапката.

Следниот чекор е да легнете на стомак на кревет со перницата под вас и наредните 10 минути дишете подлабоко отколку вообичаено.

- Ова е најважниот дел бидејќи лежењето на грб може да ви ги затвори малите дишни патишта. Имајте на ум дека поголемиот дел од белите дробови е на грбот, а не на предниот дел, така што лежењето на грб ги покрива помалите дишни патишта. Ова не е добро во текот на периодот на инфекцијата и може да доведе до ателектаза која може да доведе до секундарно воспаление на белите дробови и да ја влоши состојбата – објаснил докторот.





Уредува
Тони Димков

# КУЛТУРЕН ПЕЧАТ.

БРОЈ 26 | петок - недела 10 - 12. 4. 2020 | Неделен прилог



↑Танас Луловски-Тане - „Во чест на измислениот лекар“ (1975)



↑Димитар Андонов Папрадишки - „Самарјанин“ (1949)



↑Маја Кировска - „Крвта не е вода, водата е црвена, црвената е боја“ (2013)

## Уметнички дела во чест на здравствените работници

Во чест на Светскиот ден на здравјето, 7 април, Националната галерија избра три уметнички дела како посвета на сите здравствени работници што се наоѓаат во првите редови во борбата против пандемијата на ковид-19 и во обезбедувањето третман и грижа за пациентите.

- Нивната безрезервна помош на заболените и на другите пациенти особено денес е круцијална и затоа им ја искажуваме нашата бескрајна почит и благодарност, потенцираат од Националната галерија.

## **Интервју** Фросина Пармаковска Државниот карантин не беше страшен, но ограниченото движење тешко го доживеав

## Пандемија

На старата -
Од памтивек улица
Коњите еден по еден
Почнуваат претпазливо
Да се спуштаат од автомобилите
На магарињата им забрануваат
Да пеат во хор
Мувите по своему се лепат
На фасадите на куќите
И стануваат нивен реден број
Глувците прскаат
Со прскалки од мачешки мустаци
Кучињата се хранат
Со сопствените опашки
Паѓаат ѕвезди наместо конфети
Сите се трудат да ја стишат
Бучавата на тишината

Не можам да поверувам
Дека под сето тоа се потпишува
Мојот прозорец

**Трајче Кацаров**
(автор на песната)







## Карикатури во виртуелни галерии

Коронавирусот не е само закана, туку и мотивација за уметниците да се изразат со свои креации. Уметнички карикатури на Златко Крстевски се дел од повеќе виртуелни изложби, а учествуваше и на изложба на Унијата на светски карикатуристи.

- Никој не ни помислуваше дека „цунамито“ од Вухан, односно вирусот ковид-19, ќе дојде и на Балканот. Не сум љубител на „виртуелното“ и секогаш сум праќал оригинални слики и сатирични графики, судирајќи се со поштенски и царински формалности. Но, ситуацијата е вонредна и мора да се прилагодуваме на околностите - вели Крстевски.

Драматуршки дилеми.

# Местото на драматичарот во театарот

**Мотив** Пред неколку години во театрите ширум нашата страдалница Македонија на ангро беа вработени драматурзи. По три-четири во театар. Она што треба да го направиме пред да поминеме на главното во текстот е да се потсетиме на тоа што е драматургија и кои се нејзините значења



**Трајче Кацаров**

Според професорот Јосип Колунџиќ, објавено во зборникот „Примери од драмската техника“, драматургијата како поим за означување одредена дисциплина има неколку значења:

● **Од аспект на теоретското проучување на драмското книжевно дело** - драматургијата е дел од теоријата на книжевноста која се занимава со анализа на драмската фабула, утврдување на идејата на делото, осветлување на условите за развивање на дејствието и карактерите... Таквата драматургија служи на авторовите интенции во драмското дело и таа е поврзана со литературата.

● **Од аспект на театарското творештво** - драматургијата е помошна наука на режијата, односно нејзината улога се огледа во излагањето на логичното значење на психолошката содржина на драмските дијалози... Таквата драматургија помага за реализација на драмското дело на сцената и е дел од сценската изведувачка уметност.

● **Од аспект на техниката на драмското творештво** - претставува збир на правила за посебниот начин на пишување... Им служи на писателите на драмските дела и поврзана е со стручната литературна дејност за создавањето на манускрипт за различните медиуми на драмската манифестација.

● **Од аспект на театарската практика** - драматургијата е занимање кое ги применува теоретските принципи на „литерарната драматизација“ во театарската практика и ги спојува елементите на литерарната анализа на драмското дело со постулатите на сценското творештво од една, а со проучувањето на техниката на драмата од друга страна.

Сите овие варијанти не се одвоени туку се преплетуваат со одредени принципи на теоријата на драмската литература и во поодделни области ги збогатуваат со посебни моменти.

Фактот што драматурзите во нашите театри се оневозможени да ја практикуваат својата специјалност ни говори дека стануваат странка која е стигматизирана и е во постојана војна со другите реалитети, какви што се актерите и режисерите. Потврда за тоа можеме да најдеме во репертоарите на театрите, односно во нивното изготвување. Покрај сите желби драматурзите да дадат свој прилог во изготвувањето на репертоарот, истиот резултира на основа на творечките потенцијали, односно предрасудите на режисерите и актерите. Така репертоарот, што би рекол Никита Михалков, станува јорганче не подолго од нивните нозе.

Поинаку кажано, драматурзите се запоставуваат за да може трансгресијата на реалитетите актери и режисери да биде непречена, или по нивна мера. Поради тоа добиваме сценски изјави, најчесто или во целост со импортни конфликти, односно исчистени од книжевната реч-праксис на домашниот автор. Тоа, пак, доведува до последица - публиката да ги прима сценските изјави, претстави, како анаграми исцедени од секаква уметничка вредност, за кои, пак, е потребен засилен напор за дешифрирање. Во решението на статусот на драматурзите и нивната функционалност во театрите би требало да се почне од прашањето доставено до надлежните органи: Има ли потреба од драматичари во театрите?

Креативна индустрија.



# Забраната за јавни собири и настани приземји 80 продукциски компании

**Тони Димков**

Неформалното Здружение на микро, мали и средни компании, кои се директно или индиректно вклучени во креативната индустрија, на прес-конференција одржана кај фонтаната во Градски парк на 3 април испрати Барање за итни мерки за поддршка на претпријатијата од овие дејности погодени од состојбата со коронавирусот до Владата на Република Северна Македонија, односно до Кабинетот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

Според здружението, со неработењето на околу 80 продукциски компании директно или индиректно се засегнати голем број уметници од различни профили - актери, музичари, фотографи, сликари, дизајнери, костимографи, сценографи, светло-мајстори, како и кастинг-агенции, печатници, кетеринг-служби, агенции за обезбедување, програмери, техничари, енергетичари, превозници, бравари, столари и многу други.

- Ние сме целосно погодени, бидејќи Уредбата за забрана на јавни собири стапи на сила на крајот на февруари, кога нашите фирми ставија клуч на врата. Оваа криза и предизвиците со кои се соочува нашата креативна индустрија е нешто што ниту може да се предвиди ниту да се согледаат последиците во овој момент. Со нашето неработење, освен ние како компании, се погодени и многу други сектори и физички лица, пред сè, креативни, културни работници и субјекти, велат од неформалното здружение.

На прашањето дали ќе користат некоја од економските мерки предложени од Владата, велат дека најголем дел од членовите на здружението се изјасниле дека нема да ги користат.

- Тие се недоволни, недоречени, со голем број ограничувачки фактори, непримениливи и премногу општи. Секоја гранка се соочува со тешкотии, но не сите на еднаков начин. Исто така, не секоја гранка ќе одбере ист пат за излез од оваа криза. Затоа сметаме дека ставањето во ист кош на сите компании е погрешен пристап. Конкретно, ние сме без какви било приходи и без можност за дури и најмал обрт преку онлајн или шалтерска продажба. Свесни сме дека ние последни ќе добиеме дозвола да почнеме со работа и тоа во моментов е голема пречка за нас во проектирање некакви планови за излез од кризата. Ќе ја следиме состојбата и, секако, ќе реагираме соодветно во дадените моменти – изјавија од неформалното здружение, кое се планира да прерасне во комора на креативни индустрии.

Неформалното здружение го сочинуваат агенции за организирање настани, како концерти, манифестации, конференции, саеми, конгреси, промоции, корпоративни и други настани, а во моментов брои близу 80 компании што вработуваат повеќе од 400 вработени, иако, велат, реалната бројка е тројно поголема.

Интервју

Фросина Пармаковска,
писателка

Искуство.

# Државниот карантин не беше страшен, но ограниченото движење тешко го доживеав

**Факт** Првите два-три дена ми требаа за да си дојдам на себе по деветчасовниот кошмар на граница и да се помирам со фактот дека јас сум таму, во таа соба, посочува Пармаковска за „Слободен печат“

**Елизабета Дамјаноска Спасеновска**

Писателката Фросина Пармаковска, која во 2017 година ја доби наградата Роман на годината за романот „Одбројување“, раскажува за своето искуство во карантин. Таа од Софија завршила во хотелот „Ибис стајлс“, каде што поминала 14 дена во самоизолација. Првите два-три дена ми требаа за да си дојдам на себе по деветчасовниот кошмар на граница и да се помирам со фактот дека јас сум таму, во таа соба, посочува Пармаковска за „Слободен печат“.

**● Помина 14 дена во државен карантин, во хотелот „Ибис стајлс“. Како се случи тоа да бидеш во карантин?**

- Се случи непредвидено, впрочем, како и за многумина од патниците што беа во таа „прва тура“ на државните карантини. Лично јас, бев речиси еден месец во Софија, каде што работев на мојот нов роман. Кога заминав, пандемијата не беше присутна во нашиот регион, но како што им е познато на сите, работите кај нас, во регионот и насекаде низ светот, многу брзо се менуваа. Следејќи оттаму будно за состојбите во двете држави, на последниот пакет рестриктивни мерки во Бугарија одлучив да се вратам дома, верувајќи дека ќе поминам 14 дена во самоизолација. Но, неколку часови пред да тргнам, се донесе одлуката за задолжителен државен карантин за сите што се враќаат, па така, по едно долго и мачно патешествие на нашата граница, се најдов во државниот карантин „Ибис стајлс“.

**● Страшно ли е да бидеш во државен карантин?**

- Воопшто! Првите два-три дена ми требаа за да си дојдам на себе по деветчасовниот кошмар на граница и да се помирам со фактот дека јас сум таму, во таа соба, и дека треба да поминам така 14 дена. Мислам дека да се доживува тоа како нешто страшно во ваква ситуација, кога самата реалност е многу пострашна, кога светот го има запрено целото постоење и нормално функционирање – е, во најмала рака, инфантилно.

**● Какви беа условите, јадењето, целокупниот престој?**

- Условите беа одлични – станува збор за модерен хотел, кој е добро опремен, и редовни оброци кои, мене лично, и ми беа премногу. На некои луѓе од карантинот им беа премалку или имаа поплаки во однос на храната, но повторно, во ситуација како оваа, мислам дека сите треба да покажеме малку поголемо трпение и одговорност кон себе и особено кон околината. Жалбите во однос на задолжителниот престој во карантинот или оние во однос на изборот на менито, мене лично ми изгледаат каприциозно и повторно, инфантилно... И јас, како и сите таму, сакав да си одам дома (дури првите денови ги молев полицајците да ме пуштат), но се затекнав во околности што мора да се прифатат – поинаков начин, просто, нема.



**● Што ти беше најтешко, а што ти беше светла точка што ти го олеснуваше престојот во карантин?**

- Најтешко ми беше тоа што за првпат ми беше ограничена слободата на движење и дејствување, во животот никогаш претходно не паметам дека сум се соочила со таква ситуација – врата што не смеете да ја отворите. Но, како што споменав претходно, и таквото чувство го рационализирав со тоа што бев свесна дека дури и да одам дома, би ме чекала истата ситуација – тоа, имено, значи самоизолацијата. Светла точка ми беше пишувањето и луѓето што секој ден ми го даваа своето време и поддршка (онлајн).

**● Што научи од изолацијата и од самотијата?**

- Не научив многу повеќе од тоа што веќе го знам и што му е познато на секој прозен писател – а тоа е максимално и продуктивно искористување на времето во самотија. Самотијата е неминовна за да се пишува роман. Но, во поширока смисла, не само писателите, секој човек треба да знае или да се обиде да научи да преживее сам со себе (или со своите блиски) и без пандемија.

**● Како го исполнуваше времето, дали можеби пишуваше нов роман?**

**Во поширока смисла, не само писателите, секој човек треба да знае или да се обиде да научи да преживее сам со себе и без пандемија**

- Да, романот го пишувам речиси една година и јас не направив ништо посебно освен што продолжив да се занимавам со она на кое му бев посветена изминатиот период. Покрај тоа, ги следев актуелните информации во однос на вирусот, вежбав, се слушав со блиските и читав.

**● Сега повторно си во изолација, но дома. Дали е полесно?**

- Дома си е дома и секако дека е полесно. Но, од друга страна, начинот на кој го продолжувам посткарантинскиот период, во насока на динамиката на активностите, е многу сличен на оној претходно, а ќе биде и сличен на оној период кој следува сè додека не го завршам овој роман.

**● Како се чувствуваш, дали правеше тест и дали имаш симптоми на коронавирус?**

- За среќа, немам никакви симптоми и токму затоа и се немам тестирано затоа што, според препораките на нашето Министерство за здравство, односно од Светската здравствена организација, се практикува тестирање само на лица што покажуваат симптоми од едноставна причина што во спротивно, може да се добијат лажно негативни тестови што, пак, дополнително би резултирало со зголемување на ризикот кон околината поради таквиот резултат.

**● Што ќе им порачаш на читателите на „Слободен печат“?**

- Би им пуштила на сите желби за добро физичко и ментално здравје и воедно би ги замолила за трпение, смиреност и грижливост кон себе и кон своите блиски – ова е период кога секој поединец го дава сопствениот придонес и од големо значење е сите да се однесуваме како возрасни и одговорни луѓе. Секој треба да се замисли како можен асимптоматичен носител на вирусот и соодветно на тоа да дејствува, само и само во насока на заштита на својата околина, особено кон оние кои многу потешко (или никако не) би го преживеале тоа.

Роденден во карантин.

## Добив изненадување од медицинскиот и од хотелскиот персонал

**• Таму го прослави и роденденот. Дали беше тешко сама да славиш?**

- Мислев дека ќе ми биде тешко затоа што луѓето што ме познаваат знаат колку им се радувам на родендените, токму заради собирањето на поблиските луѓе. Но, не ми беше тешко затоа што сите тие беа присутни тој ден и благодарение на современите начини за комуникација си истеравме одлична дружба. Освен тоа, како и за сите карантинци што имаа во некој од тие 14 дена роденден, добив изненадување од медицинскиот и од хотелскиот персонал со пеење, дување свеќички и торта и многу позитивен дух.







**Меѓународен фестивал за литература и илустрација за деца.**

# Одржувањето на „Литера 2020“ сеереместува до првиот можен термин

Викендов од 10 до 12 април требаше да се одржи вториот Меѓународен фестивал за литература и илустрација за деца „Литера“. Однапред беше најавено дека познатиот сликар и илустратор Ване Костуранов, со своето искуство и знаење ќе придонесеше за збогатување на визуелниот и содржинскиот сегмент на фестивалот. Од познати причини, фестивалот нема да се одржи сега.

- Фестивалот не го откажуваме, но го поместуваме по завршување на вонредната состојба. Со големо внимание ја следиме состојбата со пандемијата на коронавирусот и паралелно работиме на подготовките на „Литера 2020“. Датумот на одржување на фестивалот ќе го објавиме штом се нормализира ситуацијата - објасни Софија Семенпеева од „Ефектива“.

Планирано е годинава фестивалот да понуди и повеќе и поквалитетни содржини, како за најмладите, така и за професионалците од областа, со неколку значајни трибини, изложби на илустратори и едно многу значајно изненадување, кое органи-




зацискиот тим верува дека кај секој ќе разбуди некоја подзаборавена, убава и топла емоција.

- Во рамките на фестивалот подготвуваме многу значаен проект што има национална вредност. Дел од тој проект е и ретроспективна изложба на илустрации од Димитар Кондовски. На 8 април требаше да се случи почетокот на проектот, а новиот датум ќе биде навреме објавен - додава Семенпеева.

Годинава фестивалот воведува и награди во три категории: Најдобра сликовница за 2019; Најдобро илустрирана книга за деца или сликовница за 2019; и Најдобра книга за деца за 2019 година. Едно од значајните имиња кое беше најавено како гостин-илустратор е и Светлан Јунакович од Хрватска, професор на Академијата за ликовна уметност во Загреб, кој подготвуваше работилница за професионалци илустратори. На „Литера 2020“ треба да дојдат уште неколку еминентни илустратори од регионот, но во моментов приоритет за сите е да ја надминеме состојбата со коронавирусот и да излеземе здрави и посилни од оваа криза.

**Онлајн-платформа.**

## „Синесквер“ со бесплатна филмска колекција

Дистрибутерската куќа „Катавеј“ од Скопје се приклучи во кампањата #СедиДома, овозможувајќи колекција од 200+ бесплатни филмови преку сопствената домашна онлајн видеотека „Синесквер“ (Cinesquare).

До крајот на месецот преку платформата бесплатно ќе може да се гледаат играни долгометражни филмови, документарци и кратки филмови само со регистрација на cinesquare.net или на Андроид-апликацијата.

- Колекцијата е достапна како резултат на добрата соработка со голем број дистрибутери и продуценти, со цел да одговори на потребите и очекувањата на публиката во овој тежок период, која ќе може квалитетно да исполни дел од своето време дома преку содржини што не се дел од каталогот на глобалните играчи, како и да придонесе против ширењето на вирусот - велат од „Катавеј“.

Не е заборавена ниту најмладата публика за која се достапни филмови со превод, како и синхронизирани филмови, меѓу кои и на македонски јазик. Платформата во соработка со Филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“ го направи бесплатно достапен и детскиот каталог со промотивен код. „Синесквер“ е онлајн видеотека за изнајмување филмови базирана врз системот „видео на барање“ (Video on demand). Платформата е активна во 13 земји од регионот и е фокусирана претежно на европскиот независен филм.






Можеме да го прифатиме конечното разочарување,
но никогаш не смееме да ја загубиме бесконечната надеж.

Мартин Лутер Кинг

# Гастрономија

**Практични совети.**

# Како да ја одржите линијата додека сте на работа



**Долгото седење, пиењето мали количини вода, грицкањето додека работите, лош избор на храна што ја купувате попатно пред да пристигнете на работа или ја купувате за време на паузите, можат да бидат главни причини за зголемување на телесната тежина.**

Постојат неколку причини поради кои постои голема можност да се здебелите додека сте на работа. Некои од нив се постојаното неколкучасовно седење, пиењето мали количини вода, грицкањето додека работите, лош избор на храна што ја купувате попатно пред да пристигнете на работа или ја купувате за време на паузите.

Токму затоа, за да не се доведете до ситуација да се здебелите, а подоцна поради тоа што не сте задоволни од сопствениот изглед да се подлегнете на ригорозни диети, обидете се да ги следите следните неколку правила, околу тоа како да се однесувате и што да јадете на работа.

### Земете си салата што сте ја подготвиле дома

Наместо да се мислите што да јадете денеска на работа, пред да тргнете на своето работно место, секое утро издвојувајте по пет минути и дома исечкајте си свежа сезонска салата од вашиот омилен зеленчук. Складирајте ја во соодветна кутија, земете си зачини од дома и вашиот појадок е веќе готов, само треба да го изедете во моментот кога ќе почувствувате дека сте гладни.

Освен тоа, можете понекогаш да носите и свежа салата подготвена од овошје. Доколку секој ден се храните на овој начин, и покрај ограниченото движење на работа, нема да се доведете во ситуација да се здебелите, а притоа ќе ви останат и пари, бидејќи купувањето овошје и зеленчук е многу поевтино отколку купување теста како бурек и јогурт, пастрмајлии или пици. Пресметајте и ќе се уверите.

### Престанете да грицкате

Откако ќе се најадете, постојаното седење може да предизвика кај вас чувство на монотонија, па токму поради тоа постои можност да посегнете по некои грицки, дури и ако не сте гладни. Независно од тоа, дали сте си купиле чипс за грицкање или семки и сончоглед, верувајте дека правите грешка. Иако едните се значително поздрави од другите, сепак во сите има одредена доза на сол, која се разбира е штетна постојано да ја внесувате, а исто така важи и за „главен виновник" за задржувањето на водата во телото.

Токму тука е и причината за покачувањето на килограмите. За да не ви се случи тоа, едноставно само престанете да грицкате на работа.

### Бидете цврсто решени да го намалите внесот на храна

Иако имате љубезни колеги што кога јадат, постојано ве нудат да земете колачиња, коцка чоколада или можеби ви нудат да го поделите со нив сокот што си го купиле, сепак, бидете внимателни. Токму ваквите непромислени потези можат да ја уништат вашата линија. Имајте цврст карактер и не посегајте кон сѐ што ќе ви биде понудено. За да имате добра линија и да не се здебелите, треба секој ден да се подложувате на откажување од храна.



**Зајакнете го имунитетот.**

# Пролетта е идеално време да направите мед од глуварче



• Малкумина знаат за лековитите моќи што ги има глуварчето. Во минатото луѓето ги собирале листовите, коренот, но и цветот од ова растение и од нив си подготвувале голем број народни лекови, со кои си го подобрувале здравјето во текот на целата година. Еден од таквите народни рецепти е и подготовката на мед од глуварче.

Сега, во пролет, ова растение можете да го најдете секаде, но треба да внимавате набраните цветови да бидат скинати од еколошки чиста средина, каде што не е загадено.

Токму таквите жолти цветови изобилуваат со витамин Ц и со витамини од групата Б, но и со минерали што го зајакнуваат имунитетот. Листовите од глуварчето, пак, се богати со манган, бакар и магнезиум.

Токму затоа, медот направен од глуварче е исклучително лековит, ја прочистува слезината и ја зајакнува крвта. Покрај тоа, со негово редовно консумирање, вие делувате превентивно и спречувате да дојде до посериозни заболувања што се поврзани со крвотокот, но и со дигестивниот систем.

За овој мед, потребни ви е:

- 500 цветови (само жолтиот дел)
- 4 литри вода
- 4 лимони
- 2 портокала
- 2 килограми шеќер

**ПОДГОТОВКА:** Цветовите убаво измијте ги. Потоа, ставете ги во поголемо тенџере, во кое ќе ги додадете и портокалот и лимонот што претходно сте ги исечкале на неколку поголеми парчиња. Додајте вода и гответе ги околу два часа на најсилен оган. Добиената течност процедете ја и во неа додајте го шеќерот. Повторно варете додека смесата не добие изглед на мед. Складирајте во стерилизирани тегли и убаво затворете. Вака подготвениот мед, можете да го користите во текот на целата година.

**Рецепти.**



## Пастрмка во сос од ореви

**СОСТОЈКИ:**

- 2 пастрмки
- 200 грама ореви
- маслиново масло
- 2 чаши вода
- 1 чаша бело вино
- 3 чешнињa лук
- 4 лажици брашно

**ПОДГОТОВКА:**

Исчистената риба измијте ја, а потоа обилно посолете ја и извалкајте ја во брашно. Вака подготвената риба, испржете ја еднакво од двете страни и оставете ја да стои на топло место. Во друга тава за пржење ставете масло и додајте една лажица брашно, мелените ореви и сето тоа убаво измешајте го. Ставете ги водата, виното и лукот и оставете ја смесата да се готви неколку минути. За тоа време, постојано мешајте за да спречите смесата да загори. На крај, во неа додајте малку оцет или неколку капки лимон како и зачини по желба. Добиениот сос, јадете го заедно со претходно испржената риба во комбинација со свежа сезонска салата.

## Пита со алва и ореви

**СОСТОЈКИ:**

- 200 милилитри млеко
- 400 грама брашно
- 10 грама квасец
- 1 лажица шеќер
- 100 грама ореви
- 100 грама алва
- кандирано овошје
- 2 јаболка
- цимет

**ПОДГОТОВКА:**

Замесете го тестото со млекото, квасецот, брашното и солта. Тестото што ќе го добиете треба да биде меко. Оставете го да искисне околу 30 минути. Додека чекате да помине потребното време, исчистете ги убаво јаболката, излупете ги и исечкајте ги на тенки долгнавести парчиња. На вака подготвените јаболка, ставете им шеќер и цимет. Исечкајте ги исчистените ореви и алвата, а потоа додајте ги во садот со јаболка. Стасаното тесто ставете го во тава за печење и убаво обликувајте го. Тестото треба да биде распоредено на дното и по рабовите на тавата за печење за да изгледа како тарт (доколку имате калап за подготовка на тарт, искористете го и за подготовка на овој рецепт). Во средишниот дел, наредете ги јаболката како и алвата и оревите. Одозгора ставете го и кандираното овошје. Вака подготвената пита, печете ја во претходно загреана рерна на 200 степени околу 30 минути.



# Спорт

Вирусот не ме плаши. Тренирам дома, не се откажувам, чекам нов датум за квалификациите. Убеден сум од оваа ситуација треба сите ние да излеземе многу посилни

**Дејан Георгиевски, репрезентативец во таеквондо**

**Таеквондо** Дејан Георгиевски не е разочаран од ситуацијата

# Планот променет, целта иста - пласман на Олимписките игри

Георгиевски имаше реални шанси за пласман на ЛОИ 2020, кога се појави кризата со коронавирусот. Турнирот и Игрите во Токио беа одложени, но Дејан продолжува со работа и цврсто е посветен на целта – пласман на ЛОИ 2021




Дејан Георгиевски е нашиот најуспешен претставник во олимпискиот спорт таеквондо. Коронавирусот му ги наруши плановите на Георгиевски токму кога беше во топ форма и имаше реални шанси да се избори за норма за учество на Летните олимписки игри во Токио 2020. Со тоа би станал прв македонски претставник во таеквондо на едни ЛОИ. Но, кризната ситуација во светот го одложи ЛОИ 2020 за една година, па така и квалификацискиот турнир беше одложен за неодредено време.

Георгиевски како и сите други спортисти се обидува да ја одржува формата со индивидуални тренинзи за да не изгуби многу и трпеливо чека.

- Може да се каже дека сум супер. Не очајувам, туку чекам да дадат некоја информација за тоа кога ќе ги организираат квалификациите за следните Олимписки игри. Продолжувам со тренинзите, наутро прво тренирам индивидуално дома, а потоа сам со тренерот работам на техниката и рутината во една изолирана просторија – вели Георгиевски, кој живее во Скопје. Тој вели дека психички добро го поднесува сето тоа што се случува кај нас и во светот, поврзано со пандемијата.

- Психолошки не влијае многу врз мене оваа ситуација. Си велам, не се одложени квалификациите само за мене туку и за сите други. Токму овој месец требаше да се одржат квалификациите и формата ја темпиравме за овој период. Сега малку го менуваме планот, но целат е иста, пласман на следните Олимписки игри – вели таеквондистот. Тој ги почитува сите мерки и забрани пропишани од надлежните во Македонија и не се плаши од коронавирусот.

- Лично вирусот не ме плаши, бидејќи, цело време сум дома. Не излегувам никаде. Исто така и другите членови од мојата фамилија се дома, освен татко ми кој има работни обврски. На сите им препорачувам да не излегуваат од дома ако не им е итно, да одржуваат хигиена и да не се плашат, бидејќи од оваа ситуација треба да излеземе многу посилни – вели Георгиевски. Меѓу другото, Георгиевски е европски првак и освојувач на неколку злата на најквалитетните Г1 турнири во овој спорт.

**Фудбал** Реконструирана тревната површина на Националната арена

# „Тодор Проески“ во ново руво

**Пресеан е комплетниот терен со високо квалитетни семиња кои ќе обезбедат тревна подлога по сите светски стандарди**



Во период на стопирани спортски активности во државата, „АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје“ изврши генерално реконструирање на тревната површина на Националната Арена „Тодор Проески“.

– Постапката е од исклучителна важност, особено ако се земе предвид дека е единствен стадион во државата кој исполнува услови за меѓународни натпревари, на него се играат и домашни натпревари, па со самото тоа Националната Арена е меѓу најексплоатираните стадиони по број на одржани настани – информираат од претпријатието. Во рамки на генералното реконструирање извадени се чепови за подобра дренажа на теренот, извршено е површно гребење за отстранување на коровот на тревата, пресеан е комплетниот терен со високо квалитетни семиња кои ќе обезбедат тревна подлога по сите светски стандарди, а површината е порамнета и со екстра фин песок и тресет за квалитетна основна подлога .

Се очекува оваа комплетна реконструкција да донесе долгорочен позитивен ефект за формата, издржливоста и квалитетот на тревната површина.

– Новиот терен ќе значи комплета подготвеност на стадионот за претстојниот период кога треба да се одигра домашното фудбалско првенство, како и останатите меѓународните натпревари предвидени за периодот кој следува. Со ова, нашите спортисти ќе имаат беспрекорни услови за игра, како што впрочем им обезбедуваме со години наназад – соопштија од АДСДП на РСМ.

**Ракомет.**

## Вујовиќ: Меси и Циндриќ не може да се третираат исто

• Миленикот на Комитите и актуелен тренер ППД Загреб, Веселин Вујовиќ, смета дека намалувањето на платите на спортистите за време на кризата со коронавирусот е исправна одлука, но не пропушти да го искоментира случувањето во фудбалот и големите суми кои се вртат во него.

– Се согласувам дека треба да се намалат платите, но не по секоја цена и на сите спортисти. Видете колку пари се вртат во некои спортови. На пример, Меси и Лука Циндриќ не можат да бидат казнети на идентичен начин бидејќи не е исто да се намали платата на некој што заработува милиони и на некој со скромни примања – изјави Вујовиќ за медиумите во БиХ. Поранешниот тренер на Вардар и селектор на македонската ракометна репрезентација смета дека не е сè „чисто“ во фудбалот.

– Работите одамна излегоа од контрола, слушам за суми од 100, 200, 300 милиони што се споменуваат само за еден спортист. Тоа за мене е болна работа. Фудбалер за една сезона може да се обезбеди и себеси и своите наследници, а ние во малите спортови толкава сума нема да ја заработиме во целиот живот. Кога читам за вакви те луди трансфери во фудбалот, секогаш помислувам дека тука „се перат“ пари – смета Вујовиќ.

**ФФМ.**

## Андоновски: Европскиот фудбал како обединето семејство

• УЕФА нема одредено датум за натпреварот со Македонија – Косово, но многу од претпоставките се дека тој ќе се одигра во ноември. Ковид-19 и неговото спречување сега-засега е приоритет број 1, изјави за „Утрински брифинг“ на Слободна ТВ Златко Андоновски, портпарол на ФФМ.

Македонскиот фудбал исто како и во другите земји во светот е суспендиран поради кризата со коронавирусот.

- Европскиот фудбал реагираше како обединето семејство. На 17 март се заземе став сите натпреварувања да се завршат според регулативите. Убедени сме дека во наредните месеци фудбалот ќе започне одново, под услови што ги диктираат јавните власти. И македонскиот фудбал е суспендиран на неодредено време слично како и останатите земји во светот - рече Андоновски. Тој рече дека одржуваат контакт со македонските фудбалери кои се во странство и дека сите се во домашен карантин.

## HBO



Зеро, зеро, зеро 20:00

06:00 Смолфут
07:35 Четирите пердуви
09:45 Ти бркаш!
11:25 Хари Потер и одајата на тајните
14:05 Велигденска мисија
16:00 Зезање II
17:00 Одмаздници: Завршница
20:00 Зеро зеро зеро
21:00 Фоси/Вердон
21:45 Натрапник
23:25 Соба за бегство
01:00 Гоустрајдер
02:45 Елвис Присли: Истражувачот

## HBO 2



Седум животи 14:45

06:00 Национално богатство
08:10 Ноќ во музејот 2
09:55 Маша и Медо II
10:20 Казанова
12:10 Големи мали лаги
13:05 Потпретседателка
13:35 Лајло и Стич 2
14:45 Седум животи
16:50 Чудесен парк
18:15 Младиот Шелдон III
18:35 Современо семејство XI
19:00 Убавицата и ѕверот
21:10 Човек-пајак: Далеку од дома
23:20 Другата страна на сè



### ЧОВЕК-ПАЈАК: ДАЛЕКУ ОД ДОМА

РЕЖИЈА: Jon Watts
ДОЛЖИНА: 124 минути I 2019 год.
ЖАНР: Акција, Адаптации на стрипови
УЛОГИ: Tom Holland, Samuel L. Jackson, Jake Gyllenhaal, Marisa Tomei

По настаните од „AVENGERS: ENDGAME“, Питер Паркер (Том Холанд) се враќа во „Човек-пајак: Далеку од дома“. Нашиот суперхерој одлучува да им се придружи на своите најдобри пријатели Нед, Ем-Џеј и останатите од дружината на одмор во Европа. Сепак, планот на Питер да го остави своето суперхеројство на неколку недели набргу пропаѓа кога неволно се согласува да му помогне на Ник Фјури (Семјуел Л. Џексон) да ја разоткрие...

## Избор од ТВ програма - **ПЕТОК** 10 април 2020



**19:40** КАНАЛ 5
**Тажна жена**
играна серија




**22:15** ТЕЛМА
**Фаренхајт 11/9**
филм



**19:45** СИТЕЛ
**Близнаци**
играна серија

### МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

06:45 Македонија наутро
10:30 ТВ училница
12:15 Бушава азбука
14:00 Пејачи и песни
14:20 Тунел
17:45 По патот на божјата мудрост
20:15 Преспав - серија
20:45 Пријатели - серија
21:10 Шоуто може да започне - филм

### ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

07:00 Телма Амбуланта
10:35 Автомагазин
11:05 Вин Вин
13:45 90 минути
16:15 Црвена линија
17:30 Велвет – серија
19:15 Еуро фокус
20:35 Топло - ладно – серија
22:15 Фаренхајт 11/9 – филм

### СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

07:10 Јас сакам Македонија
10:00 Дива земја - серија
12:10 Практична жена
17:00 Брза кујна
17:50 Се или нешто - квиз
19:45 Близнаци - серија
21:00 Сестри - серија
22:00 Истанбулската невеста - серија
23:35 Полицајци почетници - серија

### КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

06:55 Здраво Македонијо
11:10 Зевзекманија
12:00 Фчерашни новости
12:30 Македонски приказни
18:40 Само интервју!
19:40 Тажна жена - серија
20:30 Вести - Корона во Македонија
21:30 Забрането јаболко - серија
00:30 Бекстејџ

### 24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

07:00 Очи в очи
08:00 24 анализа
10:15 Фактор здравје
11:00 Во тек
16:00 Очи в очи
17:45` 24 анализа
20:40` Столици - квиз
21:05 Женски рај - серија
22:30 ВИП на еден ден

### АЛСАТ М

вести 16:00 19:00 22:00

08:00 Нов ден
13:15 - Да се заљубиме - серија
16:40 Попладне
17:25 Бескрајна љубов - серија
17:50 Прости ми – серија
19:45 Држиме за рака - серија
20:45 Мојата керќичка - серија
22:00 360 степени - со Васко Попетревски

## HBO



Ловец убиец 22:05

06:00 Хортон
09:10 Мистерии од крстозборот: Смртоносна загатка
10:35 Чиракот на волшебникот
12:25 Кралот Лав
14:20 Хари Потер и затвореникот од Азкабан
16:40 Дора истражува Изгубениот град
18:25 Опаку наопаку
20:00 Аладин
22:05 Ловец убиец
00:05 Талентираниот господин Рипли

## HBO 2



Спокој 19:00

06:00 Седум животи
08:20 Тим А
10:35 Тимот „Г“
12:05 Човек-пајак: Далеку од дома
14:15 Убавицата и ѕверот
15:40 Мистериите на Хејли Дин:
17:05 Поморски вести
19:00 Спокој
20:45 Мојата генијална другарка
21:45 Заговорот против Америка
22:45 Вестворлд III
23:45 Трагична загуба
01:15 Споделување
02:45 Најитно што може



### ЗАГОВОРОТ ПРОТИВ АМЕРИКА

РЕЖИЈА: Thomas Schlamme
ДОЛЖИНА: 60 минути I 2020 год.
ЖАНР: Драма
УЛОГИ: Zoe Kazan, Morgan Spector, Winona Ryder, John Turturro

„Заговорот против Америка“, лимитирана серија од шест дела која е заснована на истоимениот роман на Филип Рот, ја замислува алтернативната американска историја за време на Втората светска војна, раскажана преку очите на едно работничко еврејско семејство во Њу Џерси, додека го следи политичкиот подем на Чарлс Линдберг, херојот авијатичар и ксенофобичен популист, кој станува претседател и ја врти нацијата кон фашизмот.

## Избор од ТВ програма - **САБОТА** 11 април 2020




**22:15** МТВ 1
**Сенки над Балканот**
играна серија



**19:15** ТЕЛМА
**Боли ако ме напуштиш**
филм



**21:00** 24 ВЕСТИ
**Реј Донован**
играна серија

### МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

08:45 Поточиња 2015
12:10 Екобаланс
12:35 Светот на тишината
14:05 Икбал и тајниот рецепт - филм
15:30 Тунел
16:05 По патот на божјата мудрост
19:00 Бушава азбука
20:15 Заговор - филм
22:05 Сенки над Балканот

### ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

10:15 Телма Амбуланта
12:10 Автомагазин
13:50 Велвет – серија
16:15 Код
17:00 Гурмански муабети
17:50 Епизоди – серија
19:15 Боли ако ме напуштиш – филм
22:10 Кампања – филм
00:40 Бесрамници – серија

### СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

07:00 Јас сакам Македонија
11:25 На граница - серија
12:15 Кино класика - Супер Шериф - филм
17:00 Мерак меана
18:00 Листа за 300 - квиз
19:45 Другото име на љубовта - серија
21:40 Полна месечина - серија
23:30 Добро дојдовте дома - филм

### КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

07:30 Ние и вие - реприза
10:45 Македонски приказни
12:30 Тажна жена - серија
18:30 Зевзекманија
19:15 Огледало
20:00 Лото извлекување
20:15 Ѕвездите на Гранд: Македонци учесници
22:30 Игран филм

### 24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

09:30 Детски фестивал
11:30 Светот на дланка
13:00 Астрорум
14:35 24 анализа
16:15 Ај не замарај! - серија
17:45 Во тек
19:00 Патот до успехот
21:00 Реј Донован - серија
22:30 Женски рај - серија

### АЛСАТ М

вести 16:00 19:00 22:00

07:30 Со стил
10:45 Highlights - со Берта
11:15 Младите лидери
14:35 Мојата керќичка - серија
15:15 1001 оброк
16:35 Огледало на здравјето
17:10 Авто Магазин
19:40 Мојата керќичка - серија
20:45 Држиме за рака - серија

## HBO



Икс-Мен: Мрачниот феникс 16:15

06:00 Мачки и кучиња
07:25 Пингвини
08:40 Опаку наопаку
10:15 Маѓепсани
12:00 Приказна за играчките 4
13:40 Хари Потер и огнениот пехар
16:15 Икс-Мен: Мрачниот феникс
18:10 Осумте на Оушн
20:00 Лего филм 2
21:45 Вестворлд III
22:50 Американски измамници
01:10 Дедвуд: Филм
03:00 Вестворлд III, еп. 5
04:00 Мег: Грабливецот од длабочините

## HBO 2



Рокетмен 19:00

06:00 Празен град
08:00 Angry Birds Series Compilation
08:25 Враќањето на кучето
10:00 Сан Андреас
11:55 Подивување: Тотален хаос
13:40 Утреземја: Светот потаму
15:50 Ќе ми простиш ли некогаш?
17:35 Зезање II
18:35 Чудотворци: Мрачни времиња
19:00 Рокетмен
21:00 Ритамот на лудилото
22:45 Опасните моториции
23:40 Минатата недела вечерав со Џон Оливер

# Избор од ТВ програма - **НЕДЕЛА** 12 април 2020

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

07:20 Македонски народни приказни
10:20 Светот на Биби
11:30 Бушава азбука
12:00 Алиса во земјата на чудата театарска претстава
14:25 Тунел
20:15 Агенда 35
21:35 Пријатели - серија
22:00 Сенки над Балканот - серија

### ТЕЛМА
вести 15:30 18:30 21:30

07:00 Телма Амбуланта(р)
08:00 90 минути
11:00 Чувари на плажата – серија
12:45 Велвет – серија
16:15 Каменот на желбите - филм
17:40 Незадолжително
19:15 КОД
22:15 Како Шанел и Игор Стравински – филм

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 23:10

08:04 Верски календар - мпц 2020.04.12
08:05 Фолк естрада
11:15 На граница - серија
14:30 Америка има талент
17:00 Мерак меана
18:00 Листа за 300 - квиз
19:45 Другото име на љубовта - серија
21:40 Полна месечина - серија
23:30 Црна вода - филм

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:45

07:30 Ние и вие - реприза
12:00 Бразди
13:15 Забрането јаболко
18:30 Еден на еден
19:30 Фферашни новости
20:00 Бекстејџ
20:30 Огледало
21:20 Никогаш не е доцна
22:30 Игран филм

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

08:30 Откриени тајни
10:00 Игран филм
12:35 24 анализа
14:30 Живот со стил
16:20 Ај не замарај – серија
17:45 Во тек
19:00 Трилинг
20:45 Флексија
22:30 Женски рај – серија

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

07:30 Бескрајна лубов - ТВ новела
08:25 Прости ми – турска серија
13:05 Да се заљубиме – серија
14:35 Цена на љубовта – серија
17:50 Шпуза шох– емисија
19:40 Мојата керќичка – серија
20:45 Држиме за рака – серија
22:00 Надеж - емисија
23:35 Игран Филм

## HBO



Лего филм 2 13:45

06:00 Потрагата по Немо
07:40 Современо семејство XI
08:00 Младиот Шелдон III, еп. 15
08:25 Денот кога Земјата застана
10:10 Икс-Мен...
12:05 Пијани родители
13:45 Лего филм 2
15:35 Гранд Хотел Будимпешта
17:15 Комик Санс
19:00 Раскажи ми приказна II
20:00 Вестворлд III
21:00 Несигурна IV
21:30 Бегство кон љубовта
22:00 Лаги и кражба
23:40 Петок тринаесетти

## HBO 2



Што правиме со сенките 22:45

06:00 Детето кое ќе стане крал
08:00 Алиса во земјата на чудата
09:45 Алиса зад огледалото
11:40 Големи мали лаги
12:30 Потпретседателка
13:00 Аладин
15:10 Дамбо
17:00 Човек-пајак: Нов свет
19:00 Пристаништето II
19:50 Одмаздници: Завршница
22:45 Што правиме во сенките
23:10 Тајните програмери
00:00 Омразата што ја шириш
02:10 Холивудленд
04:15 Кој го уби Герет Филипс

# Избор од ТВ програма - **ПОНЕДЕЛНИК** 13 април 2020

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

06:45 Македонија наутро
09:10 ТВ Училница
12:15 Бушава азбука
13:25 Моето дете
20:15 Преспав - серија
20:45 Пријатели - серија
21:10 Трст виа Скопје - Тв серија
22:10 Мост - серија
23:40 Театарска претстава

### ТЕЛМА
вести 15:30 18:30 21:30

07:55 90 минути
10:50 ЕУРО ФОКУС
12:45 Телма Амбуланта
16:15 Црвена линија
17:30 Велвет – серија
19:15 Топ Тема
20:35 Топло – ладно – серија
22:15 Бесрамници – серија
23:15 Кучиња на војната – филм

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 23:10

06:45 Ја сакам Македонија
10:00 Дива земја - серија
12:10 Практична жена
17:00 Брза кујна
17:50 Се или нешто - квиз
19:45 Близнаци - серија
21:00 Сестри - серија
22:00 Истанбулската невеста - серија
23:35 Полицајци почетници - серија

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:45

06:55 Здраво Македонијо
11:10 Ние и вие
12:00 Македонски приказни
18:40 Само вистина!
19:40 Тажна жена – серија
20:30 Вести - Корона во Македонија
21:30 Забрането јаболко – серија
00:30 Бекстејџ

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

08:15 Забавна музика
10:15 Фактор здравје
11:00 Во тек
16:00 Очи в очи
17:45 24 анализа
20:40 Столици - квиз
21:05 Женски рај – серија
22:45 Патот до успехот

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

08:00 Нов ден
11:15 Со стил - емисија
13:15 Да се заљубиме – серија
15:30 Бескрајна лубов - ТВ новела
17:50 Прости ми – серија
19:45 Држиме за рака – серија
20:45 Мојата керќичка – серија
22:00 360 степени - со В. Попетревски

## HBO



Вдовици 16:15

06:00 Аладин
07:30 Зависник од купување
09:15 Лајло и Стич 2
10:25 Мистерии од кртозборот
11:50 Национално богатство
14:00 Ти бркаш!
15:40 Минатата недела вечерва со Џон Оливер VII
16:15 Вдовици
18:20 Пристаништето II
19:10 Последици II
20:00 Заговорот против Америка
21:00 Мојата генијална другарка
22:00 Таа
00:05 Ужасни шефови 2
01:50 Џус Бигалоу: Машки жиголо

## HBO 2



Веном 23:20

06:00 Чудо
08:15 Пепелашка
10:00 Поморски вести
11:55 Големи мали лаги
12:45 Потпретседателка
13:20 Армагедон
15:50 Ромео и Јулија: Повеќе од зборови
17:25 Костурски близнаци
19:00 Мистериите на Хејли Дин: Смрт на должност
20:25 Зеро зеро зеро
21:25 Часови
23:20 Веном
01:15 Гробишта за миленичиња
03:00 Костурски близнаци

# Избор од ТВ програма - **ВТОРНИК** 14 април 2020

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

06:45 Македонија наутро
12:15 Бушава азбука
13:25 Светот на тишината
17:45 Тунел
20:15 Преспав – серија
20:45 Пријатели – серија
21:10 Трст виа Скопје – ТВ серија
22:05 Мост – серија
23:35 Опасен човек – филм

### ТЕЛМА
вести 15:30 18:30 21:30

10:30 Инспо
12:45 Телма Амбуланта
13:45 90 минути
16:15 Црвена линија
17:30 Велвет – серија
19:15 Топ Тема
20:35 Топло - ладно – серија
22:15 Бесрамници – серија
23:15 Специјалист – филм

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 23:10

06:45 Ја сакам Македонија
10:00 Дива земја - серија
11:20 Македонски стари приказни
12:10 Практична жена
17:00 Брза кујна
17:50 Се или нешто - квиз
19:45 Близнаци - серија
21:00 Сестри - серија
22:00 Истанбулската невеста - серија

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:45

06:55 Здраво Македонијо
10:00 Визита
11:10 Ние и вие
12:00 Македонски приказни
18:40 Само вистина!
19:40 Тажна жена
20:30 Вести - Корона во Македонија
21:30 Забрането јаболко – серија
00:30 Бекстејџ

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

08:00 24 анализа
10:15 Фактор здравје
11:00 Во тек
16:00 Очи в очи
17:45 24 анализа
20:40 Столици - квиз
21:05 Женски рај - серија
22:30 Ај не замарај! - серија
23:15 24 анализа

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

07:00 Документарна програма
08:00 Нов ден
11:15 Со стил
16:40 Попладне
17:25 Бескрајна лубов - серија
17:50 Прости ми – серија
19:45 Држиме за рака - серија
20:45 Мојата керќичка - серија
22:00 200 - со Назим Рашиди

## HBO


Талентираниот господин Рипли 22:45

07:30 Преку планините
08:55 ВОЛШЕБНИ ПРИКАЗНИ
10:35 Свадбен марш 4
12:00 Фантастични сверки и каде да се најдат
14:10 Седум животи
16:10 Ужасни шефови 2
18:00 Кралот Лав
20:00 Лего филм 2
21:45 Вестворлд III
22:45 Талентираниот господин Рипли
01:05 Мистериите на Хејли Дин: Рецепт за убиство

## HBO 2


Младиот Шелдон III 13:25

06:00 Чиракот на волшебникот
07:45 Спасители
09:40 Малата вештерка
11:20 Големи мали лаги
12:10 Фоси/Вердон
12:55 Потпретседателка II
13:25 Младиот Шелдон III
13:45 Чиракот на волшебникот
16:00 Човек-пајак: Далеку од дома
18:10 Последици II
19:00 Играч број 1
21:15 Раскажи ми приказна II
22:10 Ослепени од светлата
00:10 Брајтбурн



### ИГРАЧ БРОЈ 1

РЕЖИЈА: Steven Spielberg
ДОЛЖИНА: 134 минути I 2018 год.
ЖАНР: Научна фантастика, Авантура
УЛОГИ: Tye Sheridan, Olivia Cooke, Ben Mendelsohn, Lena Waithe, Simon Pegg

Во овој возбудлив трилер со шокантен и оригинален заплет, десет луѓе што не се познаваат меѓусебно и чуваат тајни, се здружуваат поради една голема бура. Еден возач на лимузина (Џон Кјусак), една телевизиска ѕвезда од 80-тите (Ребека Деморни), еден полицаец (Реј Лиота) кој пренесува еден убиец (Џејк Басли), една кол-герла (Аманда Пит), една тазе брачна двојка (Клеа Дувал и Вилијам Ли Скот) и едно семејство...

## Избор од ТВ програма - СРЕДА 15 април 2020



**21:20** МТВ 1
**Трст виа Скопје**
ТВ серија



**22:00** СИТЕЛ
**Истанбулската невеста**
